МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ПО ПСИХОЛОГИЈА
СТУДИСКА ПРОГРАМА: ПСИХОЛОГИЈА ВО СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ВЛИЈАНИЕТО НА ДИСФУНКЦИОНАЛНИТЕ СЕМЕЈСТВА ВРЗ СОЦИО-ЕМОЦИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ КАЈ ДЕЦАТА НА УЧИЛИШНА ВОЗРАСТ

СТУДЕНТ: **ФРОСИНА АЛЕКСОВСКА**
БРОЈ НА ИНДЕКС: **M124006**
МЕНТОР: **ДОЦ.Д-Р СЛАЃАНА АНЃЕЛКОСКА**

Свети Николе, 2021

СОДРЖИНА:

Апстракт.....2

Вовед.....3

I. Теоретски дел.....5

1. Дефинирање на поимот семејство.....5

1.1 Семејството во стратегиите на Европската Унија.....9

1.2 Функции на семејството.....12

2. Функционално и дисфункционално семејство – поимно определување.....16

2.1 Семејство во криза – развојни и неразвојни фази.....21

2.2 Нарушување во однесувањето кај учениците – реакција на семејната атмосфера.....27

2.3 Емоциите и нивното влијание врз социо-емоционалниот развој на учениците.....28

II. Методолошки дел.....37

III. Истражувачки дел.....42

IV. Дискусија.....46

V. Заклучок.....63

VI. Користена литература.....65

VII. Прилози.....68

А П С Т Р А К Т

Речиси сите родители по раѓањето на своето дете сметаат дека имаат одговорност за нивното етичко, духовно, културно, социјално, емоционално и граѓанско образование и воспитување. Исто така, повеќето родители сметаат дека да бидеш добар родител значи да се грижиш децата да ги стекнат навиките и доблестите кои се разбирливи за личноста на детето да се идентификува како добар и совесен граѓанин. Но во текот на самото созревање на семејството и промените со кои тоа се соочува, не секогаш оваа одговорност се движи во посакуваната насока.

Суштинската функција на семејството е да разбере дека неговата улога е да ја стимулира и охрабрува индивидуалноста на своите деца, а притоа треба да осознае дека најважно за воспитување на детето е самото однесување на родителите. Врз правилниот развој на детето родителите не влијаат само кога со него разговараат или го поучуваат, туку тоа е сложен процес кој се одвива во секој момент од животот на детето, дури и кога родителите не се покрај него (како се облекуваат родителите, како разговараат со другите луѓе, како се радуваат или тагуваат, итн.).

Семејството треба да биде функционално поле за учење и притоа треба да ги задоволува основните потреби на членовите - сигурност, признание и доверба, бидејќи детето семејството го доживува како отворен социјален и емоционален модел на човековиот живот. Нефункционалноста или дисфункционалноста на семејството сигурно дека може да остави трајни последици врз правилното формирање на личноста на детето, а секако тоа ќе се одрази и врз неговиот социјален и емоционален развој.

Клучни зборови: семејство, дисфункционални семејства, социо-емоционален равој на децата од училишна возраст

Вовед

Историјата на семејството или неговата појава започнува со појавата на првите племенски заедници, со таа разлика што тогаш половите односи во рамките на една заедница или група не биле регулирани. Во овие негови први облици, сродството било тоа кое ги одредувало семејните односи, кои од своја страна, низ историјата исполнувале најразлични потреби кои за цел имале заедничкиот живот да го направат полесен. Сродството во првобитните заедници претставува основа за структурирање и поделба на луѓето и тоа влијаело врз економските процеси, како и врз пренесувањето на културата.

Низ историјата, семејството се појавувало во најразлични форми, така што денес ја има добиено прочуената форма на нуклеарно семејство – составено од родители и деца, или современо семејство во кое родителите имаат повисок степен на индивидуалност, што значи дека нема ниту матријархат, ниту патријархат. Семејството е мошне сложен феномен и од таа причина се разгледува од научен аспект.

Семејството во последните децении доживеа најдлабоки и најголеми промени во сите сфери и сегменти од неговото функционирање. Но тоа не ја намали неговата суштинска улога во општествената заедница, исто како што не ја намали неговата улога кога станува збор за децата, која и понатаму е на највисоката скала на важност и приоритет.



Сведоци сме на континуирана трансформација на општеството, што неминовно доведе и до трансформација на семејството, менувајќи ја и својата улога, со цел да се приспособи на новите барања и потреби на самото општество. Иако семејството во текот на својот трансформациски развој се трудело, помалку или повеќе, да одолее на новите светски предизвици, сепак тоа е ставено на испит за т.н. „полагање“ на својата семејна адаптабилност.

Факт е дека современото семејство треба да се набљудува како етапа од развојот на семејството воопшто, каде улогата на родителите е комплексна, особено во фазата на растење и созревање на младите членови. По правило, во современото семејство двајцата родители работат, тие имаат сѐ помалку време за своето дете. Грижата и поддршката на родителите би требало да биде особено присутна при преминот од основно во средно училиште, каде пубертетско-адолесцентните пречки се особено присутни и можат да ги одведат децата во некоја од несаканите асоцијални однесувања.

Со овој воведен дел навестивме за што ќе зборуваме во овој магистерски труд. Повеќепати го споменавме поимот семејство, неговата функционалност и дисфункционалност, а исто така го споменавме и социо-емоционалниот развој на учениците. Значи, овие поими се поврзани со насловот на магистерската теза, па затоа во трудот поделен на два дела – теоретски и истражувачки дел, ќе се обидеме да дадеме јасна слика за тоа како дисфункционалните семејства влијаат врз социо-емоционалниот развој на учениците. Со помош на податоците добиени од истражувањето ќе ги потврдиме поставените хипотези, а тоа ќе ни помогне да изведеме одредени заклучоци и да дадеме препораки за понатамошно делување во насока на подобрување на дисфункционалноста во семејствата, со цел да се намали негативното влијание врз социјалниот и емоционалниот развој на учениците, а со тоа и овозможување на поквалитетен живот на учениците.

I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

1. Дефинирање на поимот семејство

Во обидите да се објасни поимот семејство, во литературата се сретнуваат најразлични термини и толкувања. Она што остава посебен впечаток е определувањето на она што е важно да се има во семејството, а тоа е заедништвото и меѓусебната помош и поддршка. Така, семејството може да го прикажеме на следниот начин: *„Да се замислиме себе си како некоја куќа, а секоја куќа има свои ѕидови и столбови кои нѐ држат на место за да не се срушиме. Тие ѕидови и столбови се членовите на нашето семејство. Секој член има свое место. Секој од нас гради своја куќа и става столбови и ѕидови на оние места на кои им припаѓа. Секоја куќа е поразлична, но секоја стои на цврсти, без оглед на тоа колку потпорни столбови има*“.

Сакајќи да го дефинираме семејството, со целосно право можеме да кажеме дека не постои единствена дефиниција за овој поим во ниту една наука која, во кој било дел или на кој било начин се занимава со негово проучување. Семејната заедница е променлив концепт: што значи да се биде член на семејството и очекувањата што луѓето ги имаат за семејните односи се разликуваат со времето и просторот, што го отежнува наоѓањето на универзално договорена и применета дефиниција во Европската Унија. Факт е дека семејството, пред сѐ, е заедница. Тоа е основен двигател на општествата и темел на идентитетот на поединецот. Повеќето проучувачи на семејството се сложуваат дека тоа е темел на општеството, универзална општествена институција, без која општетсвото не би можело да функционира, односно тоа е примарна општествена заедница која е подложна на процес на метаморфоза во склад со општествено-културниот раст и промени.

Семејството е основна клетка на едно општество. Според Законот за семејство на Република Северна Македонија[1], „Семејството е животна заедница на родители и деца и други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство. Семејството настанува со раѓање на деца и со посвојување. Односите во семејството се засноваат врз рамноправност, заемно почитување, меѓусебно помагање и издржување и заштита на интересите на малолетните деца. Родителите имаат право и должност да ги издржуваат своите малолетни деца, да се грижат за нивниот живот и за нивното здравје, да ги подготвуваат за самостоен живот и работа, да се грижат за нивното воспитание, школување и стручно оспособување. Детето има право да биде издржувано од своите родители, да биде згрижено, да биде заштитен неговиот живот и здравје, да биде оспособено за самостоен живот и работа, да му се обезбедат оптимални услови за негово воспитување, школување и стручно оспособување, зависно од условите на семејството.“

„Семејството не е дефинирано само по презимето или крвта, тоа е дефинирано според посветеноста и љубовта. Ова значи да бидете таму кога сте потребни најмногу, ова значи да се грижите еден за друг. Ова значи да се сакате едни со други и во оние денови кога не можете да се поднесете. Ова значи никогаш да не се откажете едни од други“ – **Дејв Вилис**



[1] Закон за семејство на РСМ, бр. 153/2016 , член 2, член 3 и член 46

Без оглед на сите општествени промени, семејството иако ја има променето својата структура, можеме да кажеме дека е најстар и најотпорен дел од општеството. Како и во минатото, така и денес, позитивниот развој на децата, кои подоцна треба да формираат свое семејство, во голема мера зависи од опкружувањето кое го создава семејството. Поради тоа, семејството како институција претставува важен фактор за ризик во развојот на децата - подоцнежните родители кои ќе формираат свое семејство.

Бидејќи општествата се во постојани промени, општествената дефиниција за семејството брзо се има проширено и е дојдена до степен во себе да вклучува и еднородителски семејства, самохрани родители, дворасни парови, истополови бракови, мешани семејства, нероднински, неповрзани индивидуи кои живеат заедно итн.

Постојат различни видови на семејства, но едно е сигурно - семејството е заедница од луѓе кои меѓусебно се сакаат, поддржуваат и помагаат, без оглед на тоа дали се или не се во крвно сродство.

Семејството како поим и како жива материја е предмет на проучување на многу научници од областа на општествените науки. Семејството е една од најстарите социјални групи, и тоа е тесно поврзано со бракот, сродството и домаќинството, но не може да се идентификува со нив. Во повеќето земји се случуваат значителни промени, дури и во традиционалната форма на семејството, која на нашите простори беше позната како семејна задруга, чиј број на ваков вид семејства денес е многу мал. Карактеристика на оваа форма на семејство е тоа што жените имаат помалку права од мажите. Улогата на жената се сведува на раѓање, воспитување на децата и извршување на домашните работи, а тоа значи дека жената не е работно ангажирана надвор од домот со официјално вработување.

Ваквите патријархални семејства се потпираат на приватна сопственост и цврста роднинска структура. Во семејствата како ова, доминацијата на мажите над жените и старите лица над младите се сфаќа како сосема природна. Бракот се заснова на слободен избор и подлабока емоционална приврзаност на идните сопружници, но преку договор на т.н. старешини на семејствата, при што голема улога играат материјалните интереси на семејството. Притоа, основна цел на бракот е да се прошири лозата, па затоа овие семејства се одликуваат со голем број на деца. Тука владее формална моногамија, каде верност се

очекува само од жените, а мажите имаат поголема сексуална слобода, како пред бракот, така и во бракот. Во овој вид на семејства, индивидуата речиси не е во можност сама да опстои, па тука е изразена економската функција, исто како и семејната и сродничката солидарност.

Модерното или демократско семејство потекнува од периодот на капитализмот. Бидејќи неговото создавање е поврзано со појавата на работничката класа и интелигенцијата, многумина ова семејство го нарекуваат уште и работничко – службеничко семејство. Една од основните карактеристики на демократското семејство е неговата економска компонента, додека социолошката се рефлектира во поголема динамичност, подвижност и отвореност на семејството. Од друга страна, моралната компонента на демократското семејство означува промена во целиот систем на вредности. Се надминуваат разликите во нееднаквоста, наметнувањето на авторитет, доминација, владеење на мажите и повозрасните членови. Се воспоставуваат односи на еднаквост, почитување и љубов, а помеѓу членовите на семејството владеат односи на рамноправност, почит и длабока емотивна приврзаност, иако во пракса можеби и не е баш така.

Во демократските семејства, сексуалните функции се одделуваат од репродуктивните, при што бројот на деца радикално се намалува, кругот на роднини се стеснува, така што роднинските врски се слаби, воспитната компонента делумно се префрла на поширокатa социјална заедница, односно на предучилишните и училишните установи, а економските функции се сведуваат на заедничка потрошувачка. Изборот на брачен партнер е слободен, а не е наметнат и се прави врз основа на љубов, а не врз основа на некои посебни интереси. Исто така, односот на општеството кон жените и децата е променет, а тоа се гледа во самиот факт дека жената се вработува надвор од семејството и полека ја напушта улогата на домаќинка. Жената се еманципира и го зајакнува својот углед во семејството и општеството.

Кога станува збор за правниот аспект на семејството, тоа подразбира законска, па дури и уставна заштита на семејството. Речиси и да не постои земја во светот која денес не го штити семејството со Устав. Посебна грижа се води за правата на најчувствителните

категории членови на едно семејство, а тоа се децата, вработените жени, старите лица, членовите кои се со посебни потреби итн.

Најприфатлива е дефиницијата на Стак (1996), кој *семејството го сфаќа како најмала, организирана, трајна мрежа од роднини и нероднини кои секојдневно се во интеракција, задоволувајќи ги дневните потреби на децата и обезбедувајќи го нивниот опстанок.* Дефиницијата се смета за најприфатлива за денешното ултраразвиено, постмодерно, слободно општество, бидејќи семејството се смета за отворен, доброволен однос базиран на меѓусебна соработка и заемна корист.

1.1 Семејството во стратегиите на Европската Унија

Бракот е признаен според законот на секоја земја членка на ЕУ. Долго време бракот се третираше како формирање на семејна единица, но последните две децении се случија значителни промени во формата, бројноста, улогите и функциите на бракот и семејните модели воопшто. Во Европа, склучувањето бракови се намалува, а бројот на разводи се зголемува. Ова доведува до зголемен број деца родени со родители надвор од брачната заедница или самохрани родители.

Покрај доминантниот модел на домаќинства, кој го сочинуваат родителите со едно или повеќе деца, се јавуваат и нови облици на семејства, како што се семејства составени од партнери и деца од претходните бракови, еднородителски семејства и слично. Притоа, намалена е просечната големина на домаќинството, а е забележан пораст на бројот на самечки домаќинства, како и на еднородителски семејства. Опаѓањето на стапката на склучени бракови и порастот на бројот на стапката на разводи ја измениле структурата на семејството и влијаеле на различноста на семејните модели.

Истражувачките резултати јасно покажуваат дека усогласеноста помеѓу семејниот и професионалниот живот придонесува за благосостојбата на детето и дека задоволството на родителите се зголемува доколку тие можат да постигнат соодеветен баланс помеѓу овие две области на животот. Усогласувањето на семејниот и на професионалниот живот подразбира унапредување на образованието и на благосостојбата на сите членови на семејството.

Семејството е едно од најдолговечните институции. Традиционалните сфаќања за поимот семејство се однесуваат на хетеросексуални родители и деца, а во минатото се однесувале на соживот на повеќе генерации под ист покрив. Денешното семејство има претрпено структурни и функционални промени, кои имаа значително влијание врз семејните односи, статусот на членовите на семејството, организацијата на живот во семејството и слично. Веќе сме во период на криза на традиционалните семејни институции, а тоа јасно можеме да го видиме во порастот на стапката на развод на бракови, опаѓање на стапката на наталитет, пораст на бројот на самохрани родители и еднородителски семејства, како и пораст на склопување бракови после разводот. Со оглед на тоа дека бројот на разводи расте, расте и бројот на распаднати семејства кои сѐ уште се сметаат за нуклеарни.

Непотполните семејства се едни од потенцијалните да преминат во дисфункционални, иако тоа не мора секогаш да значи. Истражувањата покажуваат дека разводот на родителите е најчестата причина поради која семејството станува непотполно. Разводот е главен начин на поделба, раскинување на нуклеарното семејство, а во исто време и најчест резултат и начин на решавање на конфликтите помеѓу сопружниците. Во случаите каде родителите се разделиле разумно, разводот не остава тешки последици по социо-емоционалниот развој на детето. Но, како и да е, несомнено разводот негативно влијае, од една страна поради непотполната семејна средина, а од друга страна поради тоа што родителите се зафатени со решавање на личните проблеми и ја запоставуваат својата основна должност – правилно воспитување на детето и негов правилен социо-емоционален развој, кој е клучен за негово изградување и подготвување за успешен и квалитетен живот во подоцнежните години.

Со цел да се намалат штетите или негативното влијание врз социо-емоционалниот развој на учениците од основно образование, кои доаѓаат или живеат во дисфункционални семејства, неопходно е вработените кои се во директна комуникација со учениците, а особено психолошко-педагошката служба на училиштето, да имаат знаења од областа на семејната терапија. Би рекла дури и дека е неопходно и клучно, секој просветен работник да има поминато обука и постојано да се доусовршува во областа на семејната терапија, со

оглед на фактот дека структурата и функционирањето на семејствата сѐ повеќе се менува, за жал, во негативен правец, а најголеми губитници во тие негативни промени се секако децата.

Објаснувањето на терминот „семејна терапија“ го дефинира начинот на психотерапевтскиот пристап, кој има за цел менување на односот помеѓу членовите во семејството, како и помош на членовите на семејството да надминат даден ризик, проблем и причина за дисфункционалност. Семејната терапија е насочена кон семејството како целина. Внатре во тој процес доаѓа до анализирање на начинот на комуникација, историја на семејството, односите помеѓу членовите, ризикот со кој се соочуваат и слично. Темелното начело во семејната терапија е помош на семејството во подобро разбирање и согледување на проблемот, заедничко пронаоѓање на решение, како и правење избори за тоа какви промени членовите сакаат и можат да ги поднесат.

Семејната терапија е насочена, како што веќе споменавме, на сите членови на семејството, а целта е разбирање на сите членови, промена на проблемската семејна ситуација, надминување на ризикот во кој се нашле и нивно зајакнување за во иднина, со една единствена цел – полесно справување со тешките животни ситуации, кои како такви се неминовни и сигурно ќе се појават во текот на заедничкото живеење, а секако директно или индиректно да се влијае врз правилен социо-емоционален развој на малолетните членови во семејството, а тоа секако се децата. Но она што е важно да го знаеме е тоа дека семејната терапија е насочена кон решавање на проблемите или конфликтите во семејството (на и помеѓу членовите), кои произлегле како резултат на појава на одреден социјален или друг вид на ризик.

Семејството во текот на своето егзистирање поминува низ различни развојни фази, кои сами по себе носат трауматски настани. Семејната терапија е таа која може да даде еден позитивен импакт во надминувањето и разрешувањето на тие трауматски семејни настани. Како главни се истакнуваат следните четири трауматски животни ситуации, каде семјната терапија може да помогне, а тоа се: развод, сепарација или разделување/одвојување на член од семејството (преселување, работа во странство,

студирање), болест или смрт на член од семејството и преодни фази на семејството (брак, семејство со новороденче, семејство со првооделенец, семејство со адолесцент итн).

Семејната терапија, исто така позната како системска терапија, е терапевтски пристап кој работи со членовите на семејството и оние кои се во блиски односи со нив за да се поттикне промена и разрешување на кризата, било да станува збор за развојна, или да станува збор за ненадејна криза, а го доведува семејството во една дисфункционалност, односно го спречува оптималното функционирање на тоа семејство. Традиционално, семејната терапија има примарен фокус на интеракцијата меѓу семејните членови, квалитетот на семејните односи, различните релации кои се градат во еден семеен систем и како тие релации делуваат едни на други.

1.2 Функции на семејството

Издвојувајќи една дефиниција за семејството, каде би го одредиле како интимна група на луѓе кои меѓусебно се поврзани со крвни, сексуални или правни врски, може да се издвојат и неколку негови основни функции, но базични или универзални функции на семејството, а тоа се: биолошко-репродуктивната, економската, социјализаторската и сексуалната функција. За четирите основни семејни функции зборувал и Мурдок (1949), кој своите заклучоци ги извел вра основа на истражување и анализа на близу 250 општества. Така, тој ги објаснил основните семејни функции на следниот начин:

1. *Сексуална функција* – таа не само што го зацврстува семејството како заедница, туку и придонесува за стабилизација на општествената заедница. Во современото демократско семејство репродуктивната функција се одвојува од функцијата на задоволување на половиот нагон, што претставува важна сфера во животот на мажите и жените.
2. *Биолошко-репродуктивна функција* – новиот живот настанува во семејството, без оглед на тоа за какво семејство станува збор. Животот се одржува и продолжува со создавање или посвојување на потомство, а без ова би се изгубило продолжувањето на општествата. Денес, современото семејство се карактеризира со низок наталитет, дезинтеграција и дезорганизација на истото.

Дезинтеграцијата на семејството значи негово расчленување на сѐ помал број членови. Под овој поим не се подразбира само намалување на бројот на членови во семејството како биолошки збор, туку и нивно понатамошно разделување на веќе смаленото семејство - намалување на бројот на деца. Тоа е во реалноста, каде јасно гледаме семејства со едно или две деца. Биолошко-репродуктивната функција е основна карактеристика на семејството со која се задоволуваат половите нагони и емотивни врски, но и раѓањето и растењето на децата.

3. *Економска функција* – современото семејство, за разлика од патријархалното повеќе не е произведувачка единица, односно не поседува средства за производство, туку е исклучиво потрошувашка и консумирачка заедница. Денешното семејство е исправено пред една задача која значи осигурување и задоволување на егзистенцијалните потреби на своите членови, а тоа пак значи услов за квалитетно исполнување на останатите негови функции. Приходите во семејството како економско осигурување на егзистенцијата имаат важна улога во самата стабилност на семејната заедница, а тоа е така бидејќи секое семејство се стреми кон пораст на својот животен стандард. Заедничкиот семеен живот бара доволно храна, облека, обувки, станбен простор и средства за одржување на биолошкиот и духовниот живот.
4. *Социјализаторска или воспитно-образовна функција* – социјализацијата, воспитувањето и вонинституционалното образование се составен дел од еден единствен процес кој започнува во семејството. Талкот Парсонс[2] споменал примарна и секундарна социјализација. Под примарна социјализација ја подразбирал онаа која се одвива внатре во семејната заедница во текот на разниот развој на децата, додека секундарната социјализација е онаа која се одвива надвор од семејството и е под влијание на општествената средина, групата врсници, училишни другари, пријатели и оние групи на кои личноста ѝ

[2] Талкот Парсонс (13 декември 1902 – 8 мај 1979) е американски социолог, основач на функционалистичкото гледиште во социологијата. Се смета за најчесто цитиран социолог во последните децении. Според него, за да функционира општеството, му се потребни нужни елементи, а тоа се: јазикот, сродството, технологијата и религијата.

припаѓа или сака да им припаѓа во понатамошниот развој. Парсонс истакнал дека примарната социјализација вклучува два процеса: интернализација на културата на општеството во кое единката живее и се развива и структурирање на личноста. Усвојувањето на образованието, во чиј склоп влегува културата, подразбира усвојување на факти и генерализации до кои општеството дошло, потоа и развој на вродените способности, усвојување на општествено-културните норми и правила неопходни за функционирање на човечкото суштество во одредена општествено-културна средина и заедница. Парсонс тврди дека семејствата се „фабрики“ кои „произведуваат човечки личности“. Сметал дека во тој процес семејството е најважна алка бидејќи примарната социјализација значи да се има топлина, сигурност и заемна поддршка, бидејќи освен во семејството, во ниту една друга институција не може да се замисли да се има едно такво опкружување. Оттаму произлегува дека темелна семејна функција е овој социјализаторско - воспитно - образовен процес кој започнува во семејството како примарна единица на општеството. Семејството е примарно училиште, кое иако не делува организирано, бидејќи не можеме да ги планираме биолошките или посвоените деца, во него спонтано се одигруваат емотивните врски помеѓу мажот и жената, кои без никакви планови најискрено и најчисто ги сакаат своите деца.

Социјализаторската или воспитната функција на семејството претставува значаен социјален систем каде се одвива процесот на воспитување на децата во секој домен (физички, морален и интелектуален). Таа не случајно се смета за една од најважните функции кои ги има семејството, бидејќи со помош на социјализаторската или воспитната функција се формира личноста, односно нејзините персонални карактеристики, а тоа во голема мера зависи од начинот на кој тие се истакнуваат од страна на семејството. Семејството задоволува безброј потреби на секој негов член, а сите тие потреби – потребата за сигурност, образование, поддршка..., се неопходни за правилен развој на детето кое треба да се изгради во здрава личност. Во денешното модерно општество како да се

води многу малку грижа за социјализаторската улога на семејството која се заснова на принципите на промовирање на семејните вредности, нивно вградување во начинот на однесување и размислување на личноста, принципите на хуманост, прифаќањето на социјалната улога на поединецот и негово целосно етаблирање во општествената заедница со своето социјално однесување уште од најраните фази на неговиот развој. Денес, воспитувањето на децата како да е поделено помеѓу она што тие го добиваат како пораки, од една страна од семејството, од друга страна од општеството. Во една ваква релација можно е да се појават различни улоги, што би значело дека семејното образование може да биде поконзервативно или понапредно од социјалното образование, и обратно. Ваквата поделеност може да доведе до девијации, па и до деликвентно однесување ако детето не се снајде во двојната позиција, а самиот овој дуализам остава длабоки траги во социо-емоционалниот развој на детето.

5. *Емотивна функција на семејството,* е функција која добива самостојно значење во современото демократско семејство (претходно била дел од социјализаторската функција на семејството). Самостојноста произлегува од фактот дека денес е изменет односот помеѓу членовите на семејството, каде детето повеќе не претставува само еден вид средство за продолжување на потомството и зачувување на семејниот имот, туку станува центар на семејството на кој му се подарува целото внимание. Во основа, емотивната функција која ја има семејството е да му овозможи не детето да расте и созрева во зрела, општествено одговорна личноста, која знае да прима и дава љубов, слободно ги искажува своите позитивни емоции и учи како да ги канализира негативните, но истовремено да биде емпатична личност, која ги воочува и препознава туѓите емоционални состојби и во тие случаи делува согласно неговата интраперсонална и интерперсонална интелигенција.
6. *Морална функција на семејството* претставува важен дел од социјализаторската функција од причина што човекот е индивидуа сам за себе, но во исто време е и општествено суштество кое со заедницата мора да ги

усогласи своите лични и општествени интереси. Човекот е вредносно или морално суштество кое се одликува со свесност и совесност, односно ја поседува онаа рационална, спознајна, интелектуална, емоционална и вредносна категорија, која со еден збор значи вредносна категорија. Семејството е првото морално училиште во кое настануваат вредностите кај детето, а од воспотставувањето на еден позитивен морален вредносен систем кај секое дете зависи и иднината на даденото општество, односно дали истото ќе биде здрава и стабилна средина за секојдневно функционирање и битисување во него. Прашањето е дали денес во ова конфузно постмодерно општество, каде вредностите се испревртени и искривени, можеме да зборуваме за моралната функција на семејството, или пак, можеме да се запрашаме само како денес семејството опстојува и останува да биде камен-темелник на општествата.

2. Функционално и дисфункционално семејство – поимно определување

Важно е да се истакне фактот дека секое семејство од хармонично, функционално, може да премине во дисхармонично, дисфункционално, а со тоа да стане семејство во ризик. Ако семејството го замислиме како еден жив организам, а семејните членови како составни делови на тој организам, како на пример: нервен систем, кардиоваскуларен систем, мускулен систем, коскен систем..., сите делови работат за да се одржат самите за себе, но и да работат за да го одржат живиот организам, во нашиов случај семејството, со цел тоа оптимално да функционира. Кога еден дел од кој било систем, а за нас важен е делот што се вика семеен член, не функционира, тоа се одразува врз целиот организам, односно врз целото семејство.

Како и да се дефинира семејството, мора да знаеме дека семејството како прва и основна средина во која расте и се развива една личност, има најголема и најпресудна улога во воспитувањето. Затоа, денес сѐ повеќе внимание се дава на поврзаноста на семејството со социјалниот и емоционалниот развој на децата и младите. Во насока на оваа

концептуализација, се поврзува и поимот функционално, односно дисфункционално семејство.

Кога зборуваме за функционалноста како поим, може да кажеме дека тоа означува нешто што функционира, опстојува. Оттаму, кога функционалноста се поврзува со семејството, тоа значи дека овие семејства се служат со обрасци на однесување, како што се: реализација на целите на членовите во семејството, обезбедување егзистенција, заедничко поминато време, опстојување на семејството како заедница и решавање на семејните проблеми. Тука секако од посебна важност е да се спомене чувството на благосостојба и поврзаноста помеѓу членовите на семејството.

Кога би се правела проценка дали едно семејство е функционално, пред сѐ тоа би зависело од целите кои семејството си ги поставува пред себе како нуклеарна заедница, каде се вклучени системот на вредности, животниот циклус и задоволувањето на економските и културните потреби. Во литературата, како главни карактеристики според кои можеме да го препознаеме функционалното семејство, се следните:

- Отворен став кон луѓето;
- Уважување на индивидуалноста, автономијата и приватноста;
- Јасна, топла и отворена комуникација помеѓу членовите на семејството;
- Флексибилна контрола од страна на родителите кон децата, но по пат на договор;
- Членовите меѓусебно се поддржуваат, разбираат, помагаат, сакаат, непречено и сосема спонтано ги остваруваат своите интеракции, ја делат радоста, тагата, хуморот;
- Се охрабруваат и охрабруваат силни личности, но воедно се почитува и различноста;
- Сите членови на семејството имаат чувство на идентитет, тие се дел од семејството, автономија, што им овозможува на децата еден ден да го напуштат семејството;
- Непосесивна топлина, љубов помеѓу родителите, родителите и децата и децата помеѓу себе.

Функционално или здраво семејство е она семејство што може да се развива и покрај тешкотиите на кои наидува. Ова семејство ги решава проблемите низ семејните правила и вредности, и поседува извор на решавање на проблемите. Тој извор е полн со љубов, меѓусебно разбирање, доверба и заедничко решавање на семејните конфликти. Во здравото семејство може долго да се одржи толеранција на конфликтот сѐ додека не се најде некој компромис за решавање на проблемот. Границите на здравото семејство се пропустливи и се одржува рамноправноста помеѓу членовите во семејството. Меѓусебната доверба и лојалноста се основа за стабилни односи во семејството. Оваа стабилност го негува чувството на семејството како целина и служи како одбрана од стрес и дезорганизација. Детето што расте во едно вакво здраво функционално семејство има предиспозиции да се развие во една стабилна личност со адекватно оформена емоционалност и социјалност во согласност со возраста.



Од друга страна се дисфункционалните семејства. Во нив, наместо адаптабилност, постои крутост и неспособност да се реализираат развојните задачи. Ваквите семејства многу често го негираат постоењето на проблеми, а решавањето на даден проблем се поставува на погрешно хиерархиско место бидејќи хиерархиската структура е нејасна и несоодветно поставена. За појасно да биде, во дисфункционалните семејства не постои јасна и дистанцирана распределба на улогите, односно улогите се заменети, па често се

случува децата да ги заземат местата на родителите во носењето и спроведувањето на одлуките, и обратно.



Дисфункционалноста во семејството потекнува од стресовите што можат да бидат предизвикани од опкружувањето, развоен стрес низ животните циклуси и трансгенерациски стрес. Кој било од овие стресови во семејството доведува до застој во социо-емоционалниот развој кај детето. Дисфункционалноста во бракот може да се набљудува како заедница во која недостигаат позитивни или пријатни чувства, а со својот интензитет повеќе се изразени непријатните или негативните чувства. Во дисфункционалното семејство недостига флексибилност помеѓу брачните другари, а децата во овие семејства немаат можност и услови да се формираат како личност и правилно да го насочуваат нивниот социо-емоционален развој. Специфично е тоа што отсуството на флексибилност доведува до хронична појава на конфликт и во однос на партнерите во бракот едниот функционира активно, а другиот адаптивно. Дисфункционалноста во семејството може да се изрази во вид на ригидни или дифузни внатрешни или надворешни граници, каде границите помеѓу самите членови во семејството се избришани, членовите се оддалечени еден од друг, а комуникацијата им е нејасна и конфузна. Во овие семејства недостасува родителска емпатија која се изразува во недостиг на способност на родителот реално да ги согледа потребите на детето.

Една од најчестите семејни дисфункции во денешно време (иако и другите не се за занемарување, како на пример, семејното насилство) е разводот на бракот. Овој вид дисфункција во семејството остава длабоки траги врз емоционалниот, социјалниот и психолошкиот развој на детето, а тоа е така бидејќи децата многу ретко ги разбираат причините поради кои се случува тоа во нивното семејство. Во постапката на развод, родителите најчесто се премногу окупирани со своите проблеми, па не можат да забележат како се чувствуваат нивните деца и забораваат да разговараат со нив, со цел да им дадат објаснување за новонастанатата ситуација и за целокупната реорганизација на нивниот живот.

Кога станува збор за дисфункционални семејства, д-р Џенет Кициар издвојува четири типови на т.н. дисфункционални семејни системи:

1. Семејства со членови кои се зависници од алкохол или хемиски супстанции;
2. Емоционално или психички нарушени семејни системи;
3. Семејства во кои има емоционално или физичко злоупотребување; и
4. Семејства кои строго веруваат во одредени религии.

Како најчести последици кои се јавуваат во ваквите семејства се наведуваат следните:

- тешкотии во идентификување и изразување на чувствата;
- проблеми во формирање и одржување на блиски односи со семејството;
- нереални очекувања од себе си или премногу строги кон себе;
- ригидност во ставовите и однесувањето;
- отпор кон можни промени;
- постојана потреба за внимание од луѓето околу себе;
- чувство на срам и безвредност, како и ниска самодоверба;
- агресивно однесување со цел другите да се држат на дистанца;
- неможност да се биде трпелив итн.

Децата кои живеат и растат во ваквите семејства имаат искривена перцепција за она што претставува соодветно однесување, а со самото тоа имаат нереални очекувања за однесувањето на другите луѓе, посебно за своето. Ова придонесува кај детето да се развие

негативен став кон околината, да се биде завидлив, критички настроен, па дури и агресивен. Истовремено, родителите во ваквите семејства не ја почитуваат личната слобода и приватност на своите деца, не ги оставаат независно да размислуваат и носат одлуки, што ја спречува можноста детето да ја изрази својата креативност и духовност.

До пред неколку децении концептот на дисфункционално семејство не беше сериозно сфатен, но и било поразлично пристапувањето кон разрешување на дисфункционалноста. Каква било интервенција се разбирала како навлегување во приватноста на семејството, нарушување на светоста на бракот и со тоа зголемување на можноста за развод. Од децата се очекувало безрезервно да ги почитуваат родителите и сами да се справат со конкретната настаната ситуација во нивниот живот. Оттаму, често се поставувала неправилна перцепција и погрешно верување за дисфункционалните семејни системи, а тоа е дека семејството ако има одреден вид на дисфункционалност, значи дека е на чекор од развод или разделување. Но тоа не е секогаш така, бидејќи онаму каде што постојат емоции, кои несомнено ги поврзуваат членовите на едно семејство, вреди да се бара и да се најде соодветно решение со цел опстојување на семејниот систем и негова трансформација во функционалност.

2.1 Семејство во криза – развојни и неразвојни кризи

Здравиот избор на брачен партнер е основа за здрави брачни и семејни односи, кои во исто време се темелот за здрав семеен систем, велат многу семејни терапевти кои го извлекле овој заклучок благодарение на своето работно искуство и истражувања. Бракот е единствената силна врска во која две индивидуи мора да научат да живеат заедно на посебно близок начин, кој вклучува емоционална интеракција, сексуални односи, економска и социјална сигурност.

Семејната криза подразбира пореметување во функционирањето на семејството во неговите најзначајни функции, релации и услоги. Манифестациите на кризно однесување во семејството најпрво се јавуваат како пореметувања во комуникациите. Членовите на семејството сѐ поретко заедно разговараат, ја редуцираат меѓусебната размена на

мислења, ставови, чувства, а како резултат на тоа, доаѓа до неконтролирани изливи на бес, критики, навреди, агресивно однесување итн. Причините за криза во семејството, кое потоа преминува во дисфункционално, се различни, а најчести се:

- Занемарување на своите обврски;
- Влијание на разни губитоци и трауми;
- Непочитување на личноста на друг член од семејството;
- Насилство;
- Емоционално дистанцирање и затворање во себе;
- Појава на хронични болести;
- Појава на зависности од алкохол, дрога и други психоактивни супстанции;
- Материјални и социјални потешкотии;
- Судири со законот;
- Напуштање на семејството и слично.

Семејните терапевти и експертите кои се занимаваат со проучување на семејството, истакнуваат дека во својот развој, семејството минува низ повеќе фази, а тоа се следните:

- Почетно семејство – брак без деца;
- Семејство со мало дете;
- Семејство со преучилишно дете;
- Семејство со училишно дете;
- Семејство со адолесцент;
- Семејство што го напуштаат децата;
- Растурање на семејството;
- Постродителско семејство;
- Остарено семејство.

Во секоја фаза од развојот на семејството тоа извршува или не извршува свои функции, но основната функција која е најпотребна да се исполнува во секоја од споменатите фази е задоволувањето на емоционалните и социјалните потреби на неговите членови.

Сите овие фази, всушност, значат промени во самата структура и функционирање на семејството, а тоа со себе носи доживување на развојни и неразвојни кризи, а како резултат на нив, доаѓа до дисфункционалност во семејството, која дисфункционалност може да има повеќе негативни влијанија, а особене врз социо-емоционалниот развој на најмладите членови на семејството - децата.

Развојните кризи се поврзани со промените кои доаѓаат во текот на животниот циклус на семејството, додека неразвојните се појавуваат без оглед на фазата на животниот циклус на семејството, а се предизвикани од долготрајни нарушувања во односите помеѓу партнерите или од појава на некоја непредвидлива ненадејна ситуација кај даден член од семејството.

Познавањето на секоја фаза, како и задачите и проблемите во секоја од нив, ни овозможува да направиме проценка на можностите на семејството како тоа би функционирало во наредната фаза или развоен период. Семејството како целина функционира во зависност од односот на членовите во него, а функционирањето на индивидуалните членови зависи значајно од функционирањето на семејството како целина. Нас посебно нѐ интересира фазата каде семејството е со училишно дете.

Поаѓањето на детето во училиште претставува една од фазите на развој на едно семејство. Оваа фаза завршува со влегувањето на детето во пубертет, иако детето може да влезе во период на пубертет на возраст кога сѐ уште е во основно образование. Карактеристично во овој период е тоа што детето формира самостојни односи во училиштето, со врсниците и со наставниците. Негативниот успех на училиште, отпор кон самото школување и кон врсниците, се првите показатели за недоволна емоционална и социјална зрелост на детето. Тоа создава напната атмосфера и меѓусебно обвинување на родителите за тоа кој и што погрешил во воспитувањето на детето. Симптоматското однесување на детето е и првиот израз на кризата во семејството во оваа фаза од животниот циклус. Родителите коишто не успеале да го разрешат својот конфликт, кој можеби се провлекува од самиот почеток на бракот, го стават детето во средина на своите меѓусебни судири.

Неразвојните кризи кои можат да го погодат семејството во текот на неговиот животен циклус се оние кои не се предизвикани од развојните промени кои со себе ги носи секоја фаза од развојот на семејството, туку тие се резултат на одредени настани, непредвидливи ситуации или од долготрајни, прикриени нарушувања во односите меѓу членовите на семејството, а особено помеѓу брачните партнери. Во неразвојни кризи на семејството се вбројуваат следните:

- Криза предизвикана од насилство во семејството, која неизбежно доведува до дисфункционалност на семејниот систем;
- Криза во еднородителски семејства. Последицата поради која семејството е еднородителско е постоење, на пример, на вонбрачно дете, напуштање на семејството од страна на едниот родител, или поради смрт на едниот родител. Во овие семејства, поради потребата едниот родител да ја преземе улогата и на другиот, и да обезбеди материјална основа за семејството, доаѓа до значајни потешкотии и проблеми во развојот на детето.

Слободно можеме да кажеме дека доколку дојде до неисполнување на основните функции во семејството, како што се биолошките – задоволување на сексуалните и репродуктивните потреби, економските - задоволување на материјалните потреби, психолошките – обезбедување припадност, емоционална врска, поддршка, воспитување и социјализација, неможност на членовите да се прилагодат на промените, да се соочат со кризите и со стресот, доаѓа до појава на нарушено функционирање или дисфункционалност на семејството како систем.

Социо-емоционалниот развој на поединецот значително зависат од здравото, нормално функционирање на основниот систем во кој се раѓа и на кој припаѓа, а тоа е семејството. Нарушувањето на овој систем изразен преку дисфункционалноста на семејството е честа причина за појава на нарушувања на личноста, неговиот социјален и емоционален живот, нарушување на поведението. Терминот дисфункционалност се однесува на опишување на оние обрасци со кои не се исполнуваат задачите во семејниот систем. Од друга страна, способноста на семејството за функционирање се набљудува од аспект на четири основни подрачја, а тоа се:

1. Персонално функционирање, кое се однесува на чувството на задоволство на секој член во семејството;
2. Брачно функционирање, кое се однесува на чувството на емоционално и сексуално задоволство на партнерите;
3. Родителско функционирање, кое обезбедува заштита, поддршка, разбирање, љубов, воспитување и социјализација на децата; и
4. Социо-економско функционирање, кое се однесува на развивањето семејни вредности, економска стабилност и усогласување на општествените и културните содржини со семејните.

За да можеме да одредиме што значи дисфункционално семејство, најпрво ќе ги истакнеме карактеристиките на функционалното семејство:

- Тоа создава услови за развој на зрели и здрави членови, во границите на нивните интелектуални и креативни потенцијали;
- Ги исполнува основните семејни задачи, одговара на развојните потреби на своите членови, поттикнувајќи ја нивната посебност и автономија и им обезбедува поддршка, соработка и заштита;
- Има флексибилна структура на моќ со поделба на авторитетот, јасни семејни правила, ненарушени генерациски граници и стил што поттикнува здружување;
- Постои соработка помеѓу партнерите, здрав емоционален однос, слобода кон кариерата, компромис базиран на пријателство и доверба, способност за одредување на меѓусебната близина и дистанца;
- Постои родителски сојуз во воспитувањето и во заштитата на децата;
- Обезбедува развивање особини и вредности на личноста што овозможуваат добра прилагоденост, но не и конформистички однос кон општеството;
- Прилагодливост на промените, изнаоѓање на креативни решенија за проблемите и за кризните ситуации;
- Функционалното семејство не е без стресови, но тоа е здраво затоа што се соочува со стресот, рационално ги разрешува конфликтите и продолжува со својот раст и развој, без оглед на попатните тешкотии итн.

Дисфункционално е она семејство што не е во состојба да се прилагоди на новонастанатите услови на живот и што не може да се соочи со стресот без поголеми последици. Ова семејство користи различни дисфункционални обрасци и тоа: членовите меѓусебно се судираат, еден од членовите прави компромис во однесувањето за да ја одржи хармонијата во односите и за да развива дисфункционалност кај себе, брачниот пар се насочува кон некој друг проблем, или пак, меѓусебно се дистанцираат, постои нарушена комуникација и сл. Како карактеристики на дисфункционално семејство во литературата се сретнуваат следните:

- Застој и дисфункција во некоја од областите на семејниот живот;
- Неодговарање на развојните потреби на своите членови;
- Погрешни интеракции помеѓу партнерите и помеѓу децата и возрасните, како и развивање на проблем;
- Ограничени или нејасни, ригидни, слаби граници помеѓу членовите;
- Нејасни, конфузни и контрадикторни комуникации;
- Нарушени интеракции со поширокатa средина;
- Ригидност во прилагодувањето на новонастанатите услови и напуштање на постојната структура;
- Немоќ да се соочи со стресот и да го совлада без поголеми последици;
- Користење различни дисфункционални обрасци за прикривање на суштинскиот проблем и одржување на хомеостазата во семејството.

2.2 Нарушување во однесувањето кај учениците – реакција на семејната атмосфера

Сосема е точно кога ќе кажеме дека е многу тешко да се балансира помеѓу една здрава средина за интегритет на семејството и јавниот интерес на децата тие да се безбедни и да се развиваат, особено кога семејствата веќе се соочуваат со проблеми.

Семејството е тоа кое има најважна улога во формирањето на личноста, а особено се важни односите во него и положбата што ја има детето во истото. Во современата психологија јасно е истакнато дека условите во семејството имаат најголемо влијание во раното детство – „Детето е татко на човекот“, што значи дека раното детство одлучува каква личност ќе биде возрасниот човек.

За правилниот развој на детето е неопходно тоа да се чувствува сигурно, да чувствува дека родителите го сакаат и се грижат за него. Недоволната грижа за детето или непостоењето љубов спрема него се основни причини за јавување општествено непосакувани однесувања, како што се агресивноста и непријателскиот став спрема околината. Основна причина за појава на негативни особини кај поединецот се несоодветниот начин на воспитување на детето и недоволната љубов кон него.

Во училишниот период, младата личност пројавува желба за самостојност и независност. Ако родителите ригидно тоа го спречуваат или одбиваат кај децата, кај нив ќе се појави нарушено однесување изразено со зголемена агресивност или обратно, преголема затвореност во себе. Однесувањето на детето станува функција на семејната атмосфера која детето ја чувствува во процесот на неговото социјализирање, при што се знае дека неадекватното семејство, односно несоодеветната примарна социјализација на единката во него, е еден од главните причини за неприспособено однесување.

Многубројни истражувања покажале дека недоволната грижа и недостиг од љубов спрема детето се првите причини за агресивно и неприлагодено однесување кај него. Така, доколку постои недоволна емоционална поддршка и неправилна грижа за детето од најмала возраст, тогаш веројатноста за нарушување во неговото однесување со поаѓање во училиште е многу голема.

Иако знаеме дека семејството е основен фактор за интегрален развој и правилно воспитување на детето, сепак од друга страна, не секое семејство е такво. Семејството во кое има несогласувања и семејно насилство, во кое атмосферата е затворена и се наоѓа на ниско морално ниво, сето тоа има негативно влијание врз правилниот социо-емоционален развој на децата. Ова може децата да ги направи деструктивни личности, кои како образец на однесување ја имаат агресивноста. Пореметувањата во однесувањето кај децата се

резултат на неадекватна средина на живеење, односно семејство во кое живеат. Секое пореметување на односите во семејството делува негативно врз развојот на личноста на детето. Тоа значи дека и самата атмосфера на нетрпеливост и нехармонични односи делуваат негативно и доведува децата да се донесуваат агресивно – социјално неприфатливо, а оваа шема на однесување од предучилишна возраст се пренесува и во периодот на училишна возраст.

2.3 Емоциите и нивното влијание врз социо-емоционалниот развој кај учениците

Емоциите се првиот јазик кој луѓето го совладуваат и се универзален код за воспоставување на различни односи и релации помеѓу луѓето.

За да можеме да го увидиме влијанието на дисфункционалните семејства врз социо-емоционалниот развој на децата кои се во основно образование, најпрво е неопходно да пристапиме кон елаборација на тоа што претставува социо-емоционален развој.

Емоциите се првата препознатлива компонента која ја одликува нашата личност и тие се примарно доживување кое се јавува пред сите други во развојот на поединецот. Тие, во животот на човекот трајно се присутни и имаат постојано влијание врз неговото функционирање. Емоциите се манифестираат по пат на три канали:

1. Емоционално доживување – чувство на лутина, радост, тага...
2. Емоционално однесување – викање, смеење, плач и слично
3. Физиолошки промени во телото – срцето брзо чука, потење...

Сите луѓе имаат способност да чувствуваат и ги изразуваат своите емоции, како и да ги проценуваат туѓите емоции и нивна емоционална состојба, но секако дека постојат индивидуални разлики во тоа. Првите емоционални реакции кај бебињата се најследни механизми сместени во филогенетските најстари делови во мозокот, а тоа се функциите за

преживување[3]. Всушност, мозокот е орган за преживување. Но, подоцнежниот социјален и емоционален развој се одвива под големо влијание на социјалната средина, што се одвива преку процесот на меделирање и поддржување, прво започнувајќи во семејството, а потоа во сите општествени средини од кои детето ќе биде дел (преучилишни установи, училиште итн.)


Детето многу рано ја покажува својата зависност од изразување на емоциите и емоционалните одговори од својата околина, која во даден момент го опкружува. Тоа е основа за разбирање и избор на емоционално изразување и однесување. Емоциите се енергизатор на активностите во организмот, во смисла на тоа дека делуваат на начин активностите да бидат побрзи и посилни. Од друга страна, емоциите често имаат разорно делување врз рационалните процеси, поради што е потребно воспоставување на примарна регулација на истите. Со цел да се обезбеди правилен начин на воспоставување контрола на емоциите кај децата, важно е родителите да го направат следното:

1. Овозможување на детето да ги изразува и препознава своите емоции;
2. Да му се дозволи на детето вербално да се изразува како се чувствува;
3. Да му се овозможи на детето да пронаоѓа алтернативни решенија за изразување на дадените емоции, кои во конкретна ситуација се јавуваат кај него.

Во насока на социо-емоционалниот развој на детето, а посебно неговото емоционално функционирање, се развила т.н. конструкција на емоционална интелигенција, која го вклучува следното (RULER – Recongnizing, Understanding, Labeling, Expressing, Regilation):

- Способност за брзо запазување, проценка и изразување на емоциите;
- Способност за увид и генерирање на чувствата кои го олеснуваат мислењето;
- Способност за разбирање на емоциите и знаење за емоциите и
- Способност за регулирање на емоциите со цел промоција на емоционалниот и интелектуалниот развој (Мајер и Саловеј, 1997).

[3] Проф. д-р Ранко Рајовиќ, Никола Тесла систем на учење за развивање на надареноста кај децата, 2010, https://ntcucenje.com/ntc-program/



Зависно од емоционалното однесување на родителите спрема емоционалните потреби на детето, се развиваат одредени видови на приврзаност. Така, имаме:

- Анксиозно-одбегнувачка приврзаност, која се развива кај деца чии родители не одговараат на потребите на детето и му се психолошки недостапни. Родителите се грижат за детето, но немаат близок и нежен контакт со своето дете. Децата кои имаат развиено ваков вид на приврзаност, се карактеризираат со недостаток на соработка, лоши односи со врсниците, а исто така одбегнуваат блиски емоционални врски;
- Амбивалентно-одбивна приврзаност, која се јавува како резултат на недоследно однесување на родителите, кое понекогаш одговара на потребите на детето, а понекогаш не. Ваквото однесување кај детето доведува до формирање на модел кој се карактеризира со несигурност за достапноста на неговите родители за него, што за последица ја има појавата на несигурност и страв. Децата ќе бидат зависни од другите, во смисла на тоа дека ќе имаат потреба од потврда за успех од други лица, поради што механизмите за самодоверба и самопочитување нема да им бидат интернализирани, а тоа ќе доведе тие да бидат емоционални нестабилни и чувствителни на стрес;
- Дезорганизирачко-контролирана приврзаност која се однесува на деца кои се дистанцирани од врсниците, склони се кон одбегнување или непочитување на правилата и се однесуваат на недоследен или контрадикторен начин.

Родителите во емоционалниот контакт со детето понекогаш се амбивалентни, понекогаш целосно одбегнуваат контакт, а понекогаш нудат и сакаат блискост. Овие родители често се презафатени, па детето го нема на располагање соодветниот пример според кој би се идентификувало.

- Кога родителите на потребите на детето реагираат со разбирање, прифаќање на неговите чувства и му пружаат поддршка или алтернативи, тогаш зборуваме за квалитетна грижа од страна на родителите, и во тој случај кај детето се развива сигурна приврзаност. Таквите родители го почитуваат своето дете, му поставуваат прифатливи граници во воспитувањето, а притоа му даваат физичка и емотивна поддршка при откривањето и сфаќањето на сѐ она што детето го опкружува.

Паралелно со емоционалниот развој и зрелоста, се развива и социјализацијата и социјалните вештини кај детето, односно ученикот во подоцнежната негова возраст. Социјалните вештини се научени обрасци на однесување, односно тоа се извежбани способности. Тие се учат од најрана возраст во семејството, спонтано, преку имитација, преку методи на обиди и грешки..., а подоцна се утврдуваат или менуваат низ интеракција со останатите групи со кои детето/ученикот доаѓа во допир во опкружувањето во кое живее, се образува, каде има социјални контакти итн.

Добро развиените социјални вештини се важни за делотворно функционирање во животот. Тие овозможуваат поединецот да знае што да каже, како да направи добри избори, како да се однесува во различни ситуации. Многу истражувања покажуваат дека социјалните вештини влијаат на успехот, постигнувањата во животот, како и на социјалните и семејните односи. Недостаокот од социјални вештини кај децата често се поврзува со екстернализирани пореметувања, како што се деликвенција и асоцијално однесување, како и интернализирани пореметување – депересија и анксиозност.

***

Во времето во кое денес живееме училиштето, за жал, неретко се опишува како институција која не е во значајна мера отворена за иновации и каде сѐ уште развивањето на емпатија, изразување и разбирање на сопствените емоции, унапредувањето на социјалните вештини, како и развивањето на способности за решавање на проблемите, не се приоритет во развојот и образованието на учениците. Потешкотиите со кои се соочува ученикот, а кои се резултат на незадоволени емоционални и социјални потреби во училишен контекст, му оневозможуваат оптимален училишен успех и негативно влијаат на неговиот социјален и емоционален развој. И некогнитивните фактори, како што се мотивацијата, познавањето на стратегии и навики за учење, сликата на ученикот за себе и перцепцијата за социјална поддршка и задоволство, имаат важна улога во сите аспекти на прилагодување или адаптирање на ученикот во училишната средина.

Во училиштето главно работата е насочена кон поттикнување на когнитивниот развој на ученикот, а емоционалните и социјалните аспекти се стават во фокус дури тогаш кога ќе се појават одредени потешкотии и проблеми во однесувањето кај ученикот. Поттикнувањето развој на социо-емоционалните компетенции кај ученикот би требало да бидат составен дел на воспитувањето и образованието. Емоционалниот развој и психо-социјалната адаптација се под влијание на различни фактори. Емоциите го регулираат интерперсоналото и интраперсоналното однесување и влијаат на тоа како ученикот ќе одговори на различните потреби и ситуации со кои секојдневно се сретнува. Начинот на кој наставниците и учениците ги разбираат афективните сигнали во емоционално обоените социјални интеракции имаат исклучително значење за детската социјализација на емоциите. Емоциите кои се јавуваат како последица на различни социјални искуства во училиштето имаат влијание врз мотивацијата, когнитивните процеси и однесување на ученикот. Социјалниот развој на ученикот вклучува познавање и разбирање на правилата, нормите и вредностите, како и усвојување на соодветни компетенции кои се потребни за прилагодување во различни животни ситуации и околности.

Активностите кои имаат за цел унапредување на социјалните и емоционалните компетенции на ученикот и превенција на проблемите и потешкотиите во однесувањето, нема да имаат долгорочни позитивни ефекти доколку не постои континуитет во нивната

реализација. Во последните години се развиваат различни модели за унапредување на социјалниот и емоционалниот развој, но посебно внимание привлекува пристапот кој е насочен кон социјално и емоционално учење (англиски – social and emotional learning - SEL)[4].



Моделот на социјално и емоционално учење (Извор: https://casel.org/overview-sel/)

Социјалното и емоционалното учење претставува концепт на усвојување знаења и вештини кои се однесуваат на препознавање и управување со емоциите, прилагодување и снаоѓање во различни социјални ситуации, создавање и одржување на односи со другите итн., а примената на овој модел при учењето во образовните институции е можно да се реализира на повеќе начини, и тоа може да биде во вид на дополнителни активности за ученици кои би се реализирале дополнително, но исто така може да биде имплементиран како дел од наставниот план и програма.[5]

Социјално-емоционалните компетенции како значаен предуслов за превенција на проблемите во однесувањето на учениците се мошне значајни вештини кои можат да бидат клучни за намалување на штетите до кои може да дојде како последица од дисфункционалност во семејството. Училиштето како една од клучните институции во

[4] https://casel.org/overview-sel/
[5] Види: https://www.thepathway2success.com/25-ways-to-integrate-social-emotional-learning/

општеството, чија задача е образование и воспитание на децата, како и нивна подготовка за просоцијален и продуктивен самостоен живот во возрасниот период, а каде учениците поминуваат голем дел од своето време, е соодветно место за развој и усовршување на социо-емоционалните компетенции.

Самиот поим социјално-емоционални компетенции често се поврзува со поимите: социо-емоционален развој, ментално здравје, емоционална писменост, позитивни врснички односи и слично, при што овие компетенции се сметаат за еден од индикаторите за психолошко здравје на личноста, кое подразбира дека таа поседува способност за емпатија, социјални и комуникациски вештини, како и вештини за решавање на проблеми. Здружението за академско, социјално и емоционално учење (The Collaborative for Academic, Social and Emotional Learning, CASEL, 2005)[6] има идентификувано пет основни, меѓусебно поврзани социјално-емоционални компетенции:

1. **Самосвест**, кој аспект на социо-емоционалните компетенции вклучува проценка, идентификација и одбележување на сопствените чувства, но ги опфаќа и уверувањата, вредностите, самодовербата, самопочитувањето, оптимизмот, љубопитноста..., и сите овие се развиваат во текот раната училишна возраст;
2. **Самоуправување** е способност за носење со емоциите на продуктивен начин, свест за сопствените емоции, следење и промена во согласност со дадената ситуација во која човекот се наоѓа. Исто така, овој аспект на социо-емоционални компетенции подразбира соодветно носење со стресот и лутината, истрајност во справувањето со предизвиците, самоконтрола, изразување на емоциите на соодветен начин, поставување и постигнување на цели, флексибилност и адаптибилност.

[6] Collaborative for Academic, Social and Emotional Learning (CASEL) со седиште во Чикаго, Илиноис, САД, е водечка национална организација посветена на проучување на академските, социјалните и емоционалните вештини. Нивната мисија е социо-емоционалното учење да го интегрираат во образовниот систем, а со единствена цел, да се намали асоцијалното однесување кај децата, посебно кај оние кои растат и се развиваат во нефункционална семејна средина. Пристапено на 28.04.2016, на интернет-страницата: http://www.casel.org

3. **Социјална свест** подразбира способност за разбирање на другите и одговор на нивните чувства на соодветен начин, ставање во позиција на другиот, како и почитување на меѓучовечките сличности и разлики. Исто така, важна компонента на социјалната свест е и чувството на припадност на сопственото семејство, заедница и култура. Овој аспект на социо-емоционалните компетенции во голема мера се развива во текот на основноучилишната возраст и по пат на интеракции во училиштето.
4. **Социјални вештини** како аспект на социо-емоционалните компетенции е насочен кон остварување и одржување на здрави односи со другите кои траат во текот на подолг временски период, потоа справување со несаканиот социјален притисок и конструктивно решавање на конфликтите. Учењето на социјалните вештини, како што се одржување на разговор, тимска работа, соработка, слушање, барање помош, преговарање, давање на повратна информација, асертивност и решавање на конфликти, интензивно се одвива во предучилишната и раната училишна возраст, а вештините доаѓаат до израз во текот на различни ситуации, како што се, на пример, играта со други и престој во училиште.
5. **Одговорно донесување на одлуки** вклучува однесување кое е во согласност со етичките стандарди и општествени норми, како и чувство на одговорност и почитување на другите и заедницата. Понатаму, опфаќа преземање на одговорност и признавање на грешките и пропустите, како и вештина на водење. Овој аспект претставува комплексна задача за децата, а почитувањето на правилата во училиштето, како и контролата на лутина и агресија посебно го изразуваат овој аспект.

Child Trends[7] (2014) наведува пет клучни социјални и емоционални компетенции со помош на кои децата полесно постигнуваат училишен успех: самоконтрола, истрајност,

[7] Child Trends е непрофитна организација со седиште во Мериленд, САД. Истражувањата кои ги прави организацијата се насочени кон унапредување на животот на децата, младите и нивните семејства. Пристапено на 25.04.2016, на интернетската страница: http://childtrends.org/about-us/.

ориентација кон усовршување, академска самоефикасност и социјални компетенции.



II. М Е Т О Д О Л О Ш К И Д Е Л

Тргнувајќи од анализата дека семејството е клучен фактор во развојот на детето, може да зборуваме за два вида на семејство: здраво или функционално семејство и дисфункционално семејство.

Функционалните семејства се отворен систем со јасни граници, кои имаат соодветен и непрекинат проток на информации помеѓу членовите во семејството и надвор од него. Воедно, овие семејства се адаптибилни на промените и брзо ја реконструираат својата организациска структура. Главни карактеристики, според кои се препознаваат функционалните семејства, се следни:

- Отворен став кон луѓето;
- Почитување на индивидуалноста, автономијата и приватноста;
- Јасна, топла и отворена комуникација помеѓу членовите на семејството;
- Флексибилна контрола од страна на родителите кон децата, но по пат на договор;
- Членовите меѓусебно се поддржуваат, разбираат, си помагаат, се сакаат, непречно и спонтано ги остваруваат своите интеракции, а ја делат радоста, тагата, среќата и хуморот;
- Се охрабруваат меѓу себе, но воедно се почитуваат различностите;
- Сите членови од семејството имаат чувство на идентитет и автономија;
- Постои непосесивна топлина и љубов помеѓу родителите, родителите и децата и децата помеѓу себе.

Функционалното семејство генерално функционира во четири области, а тоа се:

- Лично функционирање,
- Брачно функционирање,
- Родителско функционирање и
- Социо-економско функционирање.

Доколку семејството не функционира во еден од овие сегменти, или пак во ниту еден, се нарекува дисфункционално семејство. Според Pinney Glipp (1982), дисфункционални семејства се оние кои не се во состојба да се приспособат на новонастанатите услови за живеење, семејства кои во текот на целото свое постоење се подложни на стрес. Притоа, овие семејства употребуваат и дисфункционален начин на однесување, кој се изразува преку неколку облици на однесување, а кои облици имаат влијание врз социо-емоционалниот развој кај децата од училишна возраст:

- *Феномен на т.н. „жртвено јагне“* – ова е ситуација кога семејството издвојува еден член и го прогласува за проблем во семејството, со што се занемарува суштинскиот проблем. На пример: ако детето има проблем во учењето и во училиште, тоа всушност има проблеми поради некој друг, а не поради себеси.
- *Феномен на триангулација* – односно тоа е ситуација кога трета личност се вовлекува во семејните проблеми, а тоа вообичаено е најчувствителниот член во семејството, кој на некој начин треба да воспостави рамнотежа помеѓу останатите членови од семејството.
- *Проективна идентификација* – станува збор за еден несвесен процес преку кој непријатните доживувања во семејството ги презема друг член од семејството, а не оној на кого лично му се случуваат или ги доживува, како на пример: тага, жалост, анксиозност, депресија и слично.
- *Регулатор на дистанца или одбрана од анксиозност* – ова е мошне чест образец на однесување помеѓу брачни партнери, каде постои страв од интимност. На пример: регулатор на дистанца може да биде дете кое има ноќни стравови и навечер доаѓа во креветот на родителите, со цел помеѓу нив да нема близина или интимност.

За разлика од функционалните семејства, кај дисфункционалните имаме потешка прилагодливост на промените, има ригидност во ставовите и неспособност да се реализираат развојните задачи и цели на семејството. Бидејќи имаат нејасна и несоодветна хиерархиска структура, во овие семејства решавањето и соочувањето со проблемите се

поставува на погрешно хиерархиско место, не се гледа на нив како на приоритет, а многу често дури и се негира постоењето на проблем.

Покрај тоа што семејството во социо-емоционалниот развој на личноста на детето, односно ученикот во нашиов случај, добива научен третман и признание, може да се каже дека вредноста на семејството полека се намалува. Промените опфаќаат повеќе аспекти, кои директно или индиректно имаат влијание врз семејството и семејното воспитание. Притоа, може да зборуваме за следните промени:

- Односи во семејството – интеракција и комуникација;
- Статус на членовите во семејството;
- Организација на животот во семејството – внатре и надвор;
- Ненамерно влијание врз децата – број на деца во семејството, број на членови во семејството.

Наведените промени доведуваат до дисфункционалност во семејството и денес, во голема мера предизвикуваат деструктивни појави во однесувањето на ученикот. Ваквите проблеми, генерално, се предизвикани поради преангажираност на родителите и нивно често отсуство од дома, борба за егзистенција, и како резултат на тоа, запоставување на децата, разводи, мајки кои сами се грижат за детето (не стапиле во брак), преголеми амбиции на родителите за детето итн. Овие промени, не само што се деструктивни за квалитетот на семејните односи, туку тие се одразуваат и врз социо-емоционалниот развој на личноста на ученикот.

Кога станува збор за нејасноста во семејната хиерархиска структура, всушност станува збор за фактот дека не постои јасна и дистанцирана распределба на улогите. Тоа значи дека многу често улогите се заменети, односно често се случува децата да го заземат местото на родителите во носењето и спроведувањето на одлуките, и обратно.

Дисфункционалноста во семејството се однесува на оние семејни модели каде не се исполнуваат најелементарните семејни задачи. Во овие семејства доаѓа до најразлични незадоволства, почнувајќи од чувството на неприпадност, па сѐ до емотивна отфрленост. Дисфункционалноста во семејството може да се забележи во сите или повеќе области на неговото функционирање, односно нефункционирање. Притоа, основните вредности на

семејниот систем се неурамнотежени, несоодветни, семејството е дезориентирано, дезорганизирано, и постои атмосфера на нарушени односи и семејна функционалност.

Дисфункционалноста во семејството може да настане под влијание на повеќе фактори, како на пример: ако едниот или двајцата родители злоупотребуваат алкохол, дрога или други психоактивни супстанции, семејни расправии, семејно насилство, лоши услови за домување, сиромаштија, односно невработеност на родителите и слично. А сето ова има огромно, ако не и клучно влијание врз правилниот социо-емоционален развој кај децата од училишна возраст. Во една ваква семејна средина доаѓа до искривување на сликата за себе и за другите членови од семејството, доаѓа до несоодветно однесување и реагирање во ситуации на стрес, како и што доаѓа до нарушување на односите со најблиските од потесната фамилија и со поширокото општествено опкружување.

Децата кои живеат и се сведоци на ваквиот начин на функционирање на нивното семејство, иако не е правило, сепак неретко се случува децата како одговор да покажат агресија, асоцијално и/или криминално однесување, а тоа секако е резултат на нивниот несоодветен социо-емоционален развој. Под асоцијално однесување се подразбира секоја реакција што отстапува од стандардното и вообичаено однесување со кое се кршат пишани и непишани правила во училишната, семејната и поширокота социјална средина. Оние деца, односно ученици кои потекнуваат од дисфункционални семејства, најчесто се емоционално нестабилни, социјално незрели, депресивни, импулсивни, па дури и воспитно запуштени.

Кај дисфункционалните семејства заемното почитување е заменето со еден вид на насилничко или игнорантско однесување. Проблемите од детството поврзани со изложеност на расправии и конфликти во семејството, се вбројуваат во три примарни категории:

1. Проблеми во однесувањето – социјални и емоционални проблеми;
2. Когнитивни проблеми – ниско когнитивно функционирање; и
3. Проблеми во однесувањето – лоша училишна дисциплина, трауми, депресија.

Разводот на родителите, економските услови во семејството, невработеноста на родителите, образовното ниво на родителите, нивната професија, станбените услови за

живеење, меѓусебната интеракција помеѓу членовите во семејството – сето ова може да доведе семејството од функционално да прерасне во дисфункционално семејство. Затоа е констатирано дека ако во семејството владее дисхармоничен однос помеѓу родителите, тоа силно влијае врз правилниот социо-емоционален развој на детето, односно ученикот. Поточно, неслогата, омразата, меѓусебното повредување, честите расправии во домот – сето ова има негативно влијание врз целокупниот развој на детската личност, но најчувствителен домен од неговиот развој е социо-емоционалниот.

Речиси сите позитивни и негативни страни на социо-емоционалното однесување на ученикот, било да се свесни или несвесни, му се препишуваат на односот родител – дете. Ова ни се потврдува и од самите резултати добиени во истражувањето кое го направивме за потребите на овој магистерски труд. Добиените податоци, и од Анкетата наменета за наставници, и од Скалата за проценка на моменталната емоционална состојба на учениците, ни ја покажаа важноста од правилниот социо-емоционален развој кај учениците, како и фактичката состојба дека дисфункционалните семејства имаат силно влијание врз социо-емоционалниот развој кај учениците од основно образование.

III. И С Т Р А Ж У В А Ч К И Д Е Л

Методологијата на истражување во магистерскиот труд со наслов *„Влијанието на дисфункционалните семејства врз социо-емоционалниот развој кај децата на училишна возраст“* го опфаќа следното:

1. Предмет на истражување – идентификување на влијанието на дисфункционалните семејства врз социо-емоционалниот развој на децата на училишна возраст. Како дисфункционални семејства ќе бидат земени повеќе видови, односно ќе се истакнат и причините поради кои семејствата станале дисфункционални и поради таа нивна состојба извршиле негативно влијание врз социо-емоционалниот развој на нивното дете/ца кои се ученици (причини за дисфункционалност во семејството наведени во точка 2 и 3 – Цел на истражувањето и Задачи на истражувањето).

2. Цел на истражувањето – поставена е една основна цел и неколку посебни цели. Основна цел на истражувањето е да се испита влијанието на дисфункционалните семејства врз социо-емоционалниот развој кај децата на училишна возраст. Посебни цели се:

а) Испитување на дисфункционалност во семејството поради семејно насилство и влијанието врз социојалниот и емоционалниот развој на учениците кои се на возраст од 10 до 14 години;

б) Испитување на дисфункционалност во семејството поради психички нарушување кај родителот/родителите и влијанието врз социјалниот и емоционалниот развој на учениците кои се на возраст од 10 до 14 години.

3. Задачи на истражувањето:

- Да се испита влијанието на насилничкото однесување помеѓу родителите како вид на семејно насилство врз социо-емоционалниот развој на ученикот;

- Да се испита влијанието на нарушените односи помеѓу сопружниците во постапка на развод, каде има елементи на кој било вид семејно насилство врз социо-емоционалниот развој на ученикот;

- Да се испита влијанието на депресивната состојба како психичко нарушување кај родителот/родителите врз социо-емоционалниот развој на ученикот;

- Да се испита влијанието на злоупотреба на алкохол и/или психоактивни супстанции кај родителот/родителите поради кои е дојдено до одредени психички нарушувања врз социо-емоционалниот развој на ученикот.

4. Хипотези на истражувањето – тие произлегуваат од поставениот предмет на истражување и целите на истражување.

Нулта хипотезата во ова истражување гласи:

„Дисфункционалните семејства имаат влијание врз правилниот социо-емоционален развој кај децата на училишна возраст“

За докажување на главната хипотеза, потребно е најпрвин да се докажат помошните хипотези:

- *Присутна е статистички значајна поврзаност помеѓу анксиозноста и личното доживување на несреќно кај младите кои растат во дисфункционални семејства.*
- *Присутна е статистички значајна поврзаност помеѓу себедоживувањето на несреќно и чувството на пониженост кај младите коишто живеат во дисфункционални семејства.*
- *Присутна е статистички значајна разлика во социо-емоционалниот развој кај младите коишто живеат во функционални и дисфункционални семејства.*
- *Присутна е статистички значајна разлика во доживување на стресна ситуација помеѓу децата коишто живеат во функционални семејства и децата коишто живеат во дисфункционални семејства и полот.*

5. Варијабли на истражување:

- Насилничко однесување во семејството како фактор кој влијае врз социо-емоционалниот развој кај децата на училишна возраст;
- Нарушени семејни односи во текот на постапка на развод помеѓу сопружниците како фактор на влијание врз социо-емоционалниот развој кај учениците на училишна возраст;
- Долгорочна состојба на депресија кај родителот/родителите како фактор на влијание врз социо-емоционалниот развој на децата на училишна возраст;
- Злоупотреба на алкохол и/или други психоактивни супстанции од страна на родителот/родителите како фактор кој влијае врз социо-емоционалниот развој кај децата на училишна возраст.

6. Популација и примерок на истражување: популацијата е конечна, а примерокот е намерен и стратификуван. Популацијата односно испитаниците се ученици од основно училиште во Град Скопје, како и нивни родители. За секој ученик кој одговори на Скалата за проценка на нивната моментална емоционална состојба имаше согласност од родителите и директорот на основното училиште, кој даде согласност да се спроведе истражувањето со цел податоците да послужат за магистерскиот труд.

7. Методи, техники и инструменти на истражувањето: како метод ќе се користи дескриптивниот, а како техники ќе се употребат: Анкета за наставници од основно училиште и Скала за проценка за ученици. Ќе бидат опфатени околу 150 испитаници, односно: 45 наставници и 93 ученици на возраст од 10 до 14 години. Скалата за проценка на моменталната емоционална состојба на учениците е инструментот кој ќе се искористи во истражувањето. Овој инструмент има за цел да ни помогне да увидиме како се чувствуваат учениците и колку нивните емоции имаат влијание врз нивното агресивно однесување или појава за агресивност. Скалата се состои од 47 придавки и преку чие оценување ученикот треба да одговори: „*Како се чувствува токму сега?“*. Коефициентот Кронбах – алфа содржи седум супскали на емоции во четири ситуации на мерење, преку

кои ќе се опише моменталната емоционална состојба на ученикот кој е испитаник. Тие 7 супскали се: среќа, релаксираност, гордост, лутина, несреќно, понижено и страв/анксиозност.

8. **Обработка на податоците на истражувањето**: овој дел ќе помине четири фази, а тоа се: фаза на собирање податоци, фаза на групирање и прикажување на податоците, фаза на анализа на податоците и фаза на статистичко заклучување. Паралелно со овие фази ќе следи интерпретација на добиените податоци, преку што ќе се потврдат претпоставките поставени во главната и поединечните хипотези. Фазата на собирање податоци опфаќа: изработка на Анкетен прашалник за наставници во Google forms и изработка на Скала за проценка на моменталната емоционалната состојба на децата во училишна возрст, исто така во Google forms, со примена на СПСС Програмата и со примена на корелација и Т- тест.

ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

➢ РЕЗУЛТАТИ И ТЕСТИРАЊЕ НА ХИПОТЕЗИ

Во првиот дел од дискусијата за добиените резултати од истражувањето ќе ги прикажеме податоците од Анкетниот прашалник за наставници од основното училиште кое го земавме како истражувачки примерок. Анкетниот прашалник содржи 8 (осум) прашања, на кои наставниците имаа можност да одговорат со „ДА“, „НЕ“ и „МОЖЕБИ“. Вака поставениот анкетен прашалник е од затворен тип, и истиот на наставниците им беше испратен преку интернет-апликацијата – Google Forms. Причината поради која прашалникот не беше дистрибуиран во печатена верзија ни е добро позната, а тоа е состојбата на глобално ниво, а и кај нас, со пандемијата од вирусот КОВИД – 19, поради која состојба сите училишта имаат настава на далечина и нема физичко присуство на наставниците во училишните установи. Со анкетниот прашалник беа опфатени 45 наставници, при што како демографски податоци се добија следните:

- од 45 испитаници, 5 се од машки пол и 40 од женски пол;



Графикон 1: Полова структура на испитаниците

- 24 се на возраст од 30 до 40 години, 8 од 41 до 50 години и 13 се на возраст од 51 до 62 години;



Графикон 2: Возраст на испитаниците

- 16 се со работен стаж од 0 до 10 години, 15 со работен стаж од 10 до 20 години, и 14 се со работен стаж над 20 години;



Графикон 3: Работен стаж на испитаниците

- 19 се одделенски наставници, а 25 се предметни наставници.


Табела 1: Мислење на наставниците за влијанијата врз социо-емоционалниот развој на учениците

Прашања	Одговори					
	ДА		НЕ		МОЖЕБИ	
1. Дали лесно можете да идентификувате нарушување во социо-емоционалниот развој на учениците на кои им предавате?	М	Ж	М	Ж	М	Ж
	3	**29**	**2**	**0**	**2**	**9**
2. Дали сметате дека насилничкото однесување во семејството влијае врз правилниот социо-емоционален развој на учениците?	М	Ж	М	Ж	М	Ж
	5	**40**	**0**	**0**	**0**	**0**
3. Дали сметате дека депресијата како психичко нарушување кај родителот/старателот влијае врз социо-емоционалниот развој на учениците?	М	Ж	М	Ж	М	Ж
	4	**36**	**0**	**0**	**0**	**5**
4. Дали сметате дека злоупотребата на алкохол и/или психоактивни супстанции во семејството влијае врз социо-емоционалниот развој на учениците?	М	Ж	М	Ж	М	Ж
	5	**40**	**0**	**0**	**0**	**0**
5. Дали сметате дека разводот помеѓу сопружниците има влијание врз социо-емоционалниот развој кај учениците?	М	Ж	М	Ж	М	Ж
	3	**34**	**0**	**1**	**2**	**5**
	М	Ж	М	Ж	М	Ж

6. Дали сметате дека било кој облик на дисфункционалност во семејството има влијание врз социо-емоционалниот развој кај учениците?	**3**	**37**	**0**	**1**	**2**	**2**
7. Дали раното идентификување за постоење на дисфункционалност во семејството од страна на наставникот би го намалило и/или отстранило негативното влијание врз социо-емоционалниот развој на учениците?	М	Ж	М	Ж	М	Ж
	3	**22**	**0**	**0**	**2**	**18**
8. Дали сметате дека наставникот треба да поседува социо-емоционални компетенции и вештини за да може да придонесе во позитивниот социо-емоционален развој на учениците?	М	Ж	М	Ж	М	Ж
	3	**33**	**0**	**3**	**2**	**5**

Со оглед на фактот дека немаме рамноправна родова распределеност на испитаниците, дискусијата на резултатите ќе се однесува исклучиво на одговорите на прашањата, кои графички ќе бидат прикажани и структурирани според ист или сличен број одговори.


На прашањата под реден број 2 и 4[8], со „ДА“ одговориле сите испитаници, односно 5 машки и 40 женски. Од самите одговори на прашањата, може да се констатира дека испитаниците сметаат дека насилничкото однесување во семејството и злоупотребата на алкохол и/или психоактивни супстанции кај родителот/старателот имаат влијание врз правилниот социо-емоционален развој кај учениците.



Графикон 4: Одговори на испитаниците на второто и четвртото прашање

[8] Види Табела 1: Мислење на наставниците за влијанијата врз социо-емоционалниот развој на учениците.


На прашањата 1, 7 и 8 тројца испитаници од машки пол одговориле со „ДА“, а со „МОЖЕБИ“ одговориле по двајца испитаници од машки пол. Видна разлика, како што може да се види во графиконот 5, се гледа во одговорите на испитаниците од женски пол. Посебно е значајно тоа што најголем дел од испитаниците дале одговор „ДА“ за прашањето под реден број 8: „Дали сметате дека наставникот треба да поседува социо-емоционални компетенции и вештини за да може да придонесе во позитивниот социо-емоционален развој на учениците?“, што ни покажува дека, покрај односите во семејството и неговата функционалност или дисфункционалност, училиштето може да има влијание врз социо-емоционалниот развој на учениците. Исто така, позитивен аспект има сознанието до кое доаѓаме преку одговорите на испитаниците на прашањата 1 и 7, каде најголем број одговори се со „ДА“, а се однесуваат на тоа дека наставниците можат да идентификуваат отстапувања во социо-емоционалниот развој на учениците, како и дека раното идентификување за дисфункционалност во семејството може да ги острани негативните влијанија врз социо-емоционалниот развој кај учениците.



Графикон 5: Одговори на испитаниците на прво, седмо и осмо прашање

Прашањата 3, 5 и 6 се однесуваат на депресијата и разводот на брак како вид на дисфункционалност во семејството, односно на кој било друг облик на дисфункционалност, кој би имал влијание врз социо-емоционалниот развој кај учениците. Над 80 % од испитаниците одговориле со „ДА“, што значи дека се согласуваат дека депресијата кај

родителот/старателот, разводот на брак и кој било друг облик на дисфункционалност во семејството има негативно влијание врз социо-емоционалниот развој на учениците.



Графикон 6: Одговори на испитаниците на трето, петто и шесто прашање

Ставовите на наставниците искажани преку нивните одговори во анкетниот прашалник, а кои беа опфатени со истражувањето, јасно ни ја покажуваат поврзаноста помеѓу социо-емоционалниот развој кај децата на училишна возраст и дисфункционалноста во семејството на ученикот. Тоа значи дека дисфункционалните семејства, без оглед на причината поради која семејството е идентификувано како дисфункционално, има влијание врз правилниот социо-емоционален развој кај учениците.


Вориот дел од дискусијата ќе се однесува на резултатите добиени од учениците, односно од нивните оценки преку кои ги имаа искажано своите ставови на Скалата за нивната моментална емоционална состојба. Во тестирањето на хипотезите и нивно докажување ќе бидат употребени дескриптивната статистика за секоја од варијаблите, корелација и t-тест. Во продолжение ќе следува дексриптивната анализа на добиените податоци и докажување или отфрлање на поставените помошни хипотези, преку кои всушност треба да ја докажеме главната или нулта хипотеза.

Табела 2: Пол на учениците

Пол		Frequency
Valid	м	47
	ж	45
	Total	92

Табела 3: Возраст на учениците

Возраст		Frequency
Valid	10-12	17
	12-14	75
	Total	92



Графикон 7: Полова структура на учениците



Графикон 8: Возраст на учениците

Од табелите со реден број 2 и 3, како и од графиконите со реден број 7 и 8 може да се види дека во истражувањето се вклучени вкупно 92 испитаника, од кои 47 или 51% се машки испитаници, а 45 или 49% се женски испитаници. Во однос на возраста, во истражувањето учествуваат 17 или 18% испитаници на возраст од 10 до 12 години и 75 или 82% испитаници кои се на возраст од 12 до 14 години.

Табела 4: Дескриптивен опис на варијаблите пол и возраст

	N	Mean	Std. Deviation	Skewness		Kurtosis	
	Statistic	Statistic	Statistic	Statistic	Std. Error	Statistic	Std. Error
Возраст	92	3,8152	,39025	(1,651)	,251	,743	,498
Пол	92	1,4891	,50262	,044	,251	(2,043)	,498
функционалност	92	1,5543	,49976	(,222)	,251	(1,994)	,498
Valid N (listwise)	92						

Во табелата со реден број 4 е даден дескриптивен опис на варијаблите пол, функционално/дисфункционално семејство и возраст и тоа преку добивање на мерките:

- на аритметичка средина и стандардна девијација, додека мерките на Skewness и Kurtosis ни укажуваат на нормална распределба на дистрибуцијата. За возраст M=3,81 и SD=0.39; за пол M=1,49 и SD=0.52 и за функционалност на семејството M=1,55 и SD=0.49.

Табела 5: Дескриптивна анализа на секоја од супскалите содржани во тестот

		Опуштеност	гордост	лутина	несреќно	понижено	среќа
N	Valid	92	92	92	92	92	92
	Missing	0	0	0	0	0	0
Mean		15,5652	3,8152	11,0217	9,9565	15,3478	25,3478
Std. Deviation		4,05269	,39025	4,29663	4,20600	7,56864	7,47661

Во табела 5 е дадена дескриптивна анализа на секоја од супскалите содржани во тестот кој им беше зададен на испитаниците. Пресметани се аритметичка средина и стандардна девијација. Опуштеност со M=15,56 и SD=4,05; Гордост со M=3,81 и SD=0.39; Лутина со M=11,02 и SD=4,29; Несреќно со M=9,95 и SD=4,20; Понижено со M=15,34 и SD=7,59; Среќа со M=25,34 и SD=7,47.

Тестирањето на поставените хипотези следува во продолжение, и тоа е прикажано преку табеларен приказ на добиените податоци од испитаниците – учениците.

1. **Присутна е статистички значајна поврзаност помеѓу анксиозноста и личното доживување на несреќно кај младите кои растат во дисфункционални семејства.**

Табела 6: Резултати според одговорите на учениците - испитаници

Возраст	Функционалност	Пол			анксиозно
10-12	Дисфункционалност	м	Анксиозно	Pearson Correlation	1
				Sig. (2-tailed)	
				N	4
			Несреќно	Pearson Correlation	,545
				Sig. (2-tailed)	,455
				N	4
		ж	Анксиозно	Pearson Correlation	1
				Sig. (2-tailed)	
				N	4
			Несреќно	**Pearson Correlation**	**,992****
				Sig. (2-tailed)	**,008**
				N	4
12-14	Дисфункционалност	м	Анксиозно	Pearson Correlation	1
				Sig. (2-tailed)	
				N	12
			Несреќно	Pearson Correlation	,566
				Sig. (2-tailed)	,055
				N	12
		ж	Анксиозно	Pearson Correlation	1
				Sig. (2-tailed)	
				N	21
			Несреќно	**Pearson Correlation**	**,655****
				Sig. (2-tailed)	,001
				N	21

Од табелата со реден број 6 може да се види дека е присутна статистички значајна поврзаност помеѓу анксиозноста и себедоживување на несреќно, односно таа поврзаност е значајна на ниво p<.005 кај младите од женска популација на возраст од 10 до 14 години, додека кај машката популација не е присутна статистички значајна поврзаност помеѓу анксиозноста и себедоживување на несреќно. Со тоа се потврдува хипотезата дека

дисфункционалните семејства влијаат врз покачување на степенот на анксиозност кај децата и себедоживување на несреќно.

2. **Присутна е статистички значајна поврзаност помеѓу себедоживувањето на несреќно и чувството на пониженост кај младите коишто живеат во дисфункционални семејства**.

Табела 7: Резултати според одговорите на учениците - испитаници

Возраст	Функционалност	Пол			Несреќно
10-12	Дисфункционалност	м	Несреќно	Pearson Correlation	1
				Sig. (2-tailed)	
				N	4
			Понижено	Pearson Correlation	,599
				Sig. (2-tailed)	,401
				N	4
		ж	Несреќно	Pearson Correlation	1
				Sig. (2-tailed)	
				N	4
			Понижено	Pearson Correlation	,216
				Sig. (2-tailed)	,784
				N	4
	Функционално	м	Несреќно	Pearson Correlation	1
				Sig. (2-tailed)	
				N	6
			Понижено	Pearson Correlation	,557
				Sig. (2-tailed)	,251
				N	6
		ж	**Несреќно**	**Pearson Correlation**	**1**
				Sig. (2-tailed)	
				N	3
			Понижено	Pearson Correlation	**1,000****
				Sig. (2-tailed)	,000
				N	3
12-14	Дисфункционалност	**м**	Несреќно	Pearson Correlation	1

				Sig. (2-tailed)	
				N	12
			Понижено	**Pearson Correlation**	**,888****
				Sig. (2-tailed)	,000
				N	12
		ж	несреќно	Pearson Correlation	1
				Sig. (2-tailed)	
				N	21
			Понижено	**Pearson Correlation**	**,773****
				Sig. (2-tailed)	,000
				N	21
	Функционално	м	Несреќно	Pearson Correlation	1
				Sig. (2-tailed)	
				N	25
			Понижено	Pearson Correlation	,075
				Sig. (2-tailed)	,720
				N	25
		ж	Несреќно	Pearson Correlation	1
				Sig. (2-tailed)	
				N	17
			Понижено	**Pearson Correlation**	**,495***
				Sig. (2-tailed)	,044
				N	17

Од табелата со реден број 7 јасно може да се види дека е присутна статистички значајна поврзаност помеѓу себедоживување на несреќно и чувството на пониженост кај испитаниците на ниво на значајност p<.001, и тоа: кај испитаниците на возраст од 12 до 14 години, додека кај младите на возраст од 10 до 12 години не е присутна статистички значајна поврзаност. Од оваа табела, исто така може да се види дека е присутна статистички значајна поврзаност кај женската група на испитаници на возраст од 10 до 12 години и на возраст од 12 до 14 години коишто живеат во функционални семејства на ниво на значајност p<.001. Со тоа се потврдува хипотезата дека себедоживувањето на несреќно доведува и до чувство на пониженост кај децата коишто растат во дисфункционални семејства.

3. **Присутна е статистички значајна разлика во социо-емоционалниот развој кај младите коишто живеат во функционални и дисфункционални семејства.**

Табела 8: Резултати од одговорите на учениците - испитаници

One-Sample Test							
Функционалност		Test Value = 0					
		t	df	Sig. (2-tailed)	Mean Difference	95% Confidence Interval of the Difference	
						Lower	Upper
дисфункционалност	Анксиозно	16,777	40	,000	16,26829	14,3085	18,2281
	Понижено	20,710	40	,000	13,12195	11,8414	14,4025
	Несреќно	19,070	40	,000	13,02439	11,6441	14,4047
	Лутина	19,865	40	,000	14,26829	12,8167	15,7199
	Среќа	19,127	40	,000	20,65854	18,4756	22,8415
	опуштеност	20,710	40	,000	13,12195	11,8414	14,4025
	Гордост	19,865	40	,000	14,26829	12,8167	15,7199
функционално	Анксиозно	32,677	50	,000	9,78431	9,1829	10,3857
	Понижено	44,555	50	,000	17,52941	16,7392	18,3196
	Несреќно	31,013	50	,000	7,49020	7,0051	7,9753
	Лутина	33,847	50	,000	19,29412	18,1492	20,4391
	Среќа	37,380	50	,000	29,11765	27,5531	30,6822
	опуштеност	44,555	50	,000	17,52941	16,7392	18,3196
	Гордост	33,847	50	,000	19,29412	18,1492	20,4391

Од табелата со реден број 8 може да се види дека кај групата на испитаници коишто доаѓаат од дисфункционални семејства (анксиозност t(40) =16.777,p<.01; понижено t(40) =20,710,p<.01; несреќно t(40) =19,070,p<.01; лутина t(40) =19,865,p<.01; среќа t(40) =19,127,p<.01; опуштеност t(40) =20,710,p<.01; гордост t(40) =19,865,p<.01) и испитаниците коишто доаѓаат од функционални семејства (анксиозност t(40) =32,677,p<.01; понижено t(40) =44,555,p<.01; несреќно t(40) =31,013,p<.01; лутина t(40) =33,847,p<.01; среќа t(40) =37380,p<.01; опуштеност t(40) =44,555,p<.01; гордост t(40) =33,847,p<.01) присутна е статистички значајна разлика во однос на социо-емоционалниот развој, проценет преку

супскалите на тестот за социо-емоционален развој и тоа на ниво p<.01. Со тоа се потврдува хипотезата дека функционалноста на семејството во коешто живеат испитаниците влијае врз нивниот социо-емоционален развој.

4. **Присутна е статистички значајна разлика во доживување на стресна ситуација кај децата коишто живеат во функционални семејства и децата коишто живеат во дисфункционални семејства и полот**.

Табела 9: Начин на доживување на стрес кај деца од функционални и дисфункционални семејства

One-Sample Test								
Функционалност	Пол		Test Value = 0					
			T	df	Sig. (2-tailed)	Mean Difference	95% Confidence Interval of the Difference	
							Lower	Upper
дисфункционално	м	Страв	9,449	14	,000	13,13333	10,1521	16,1146
	ж	Страв	11,014	20	,000	12,33333	9,9975	14,6692
функционално	м	Страв	12,116	30	,000	13,19355	10,9696	15,4175
	ж	Страв	8,359	15	,000	12,93750	9,6385	16,2365

Од табелата со реден број 9 може да се види дека со примена на t-тест се покажа дека е присутна статистички значајна разлика помеѓу начинот на доживување на стрес кај децата од машки и женски пол од функционални и дисфункционални семејства, на ниво на значајност p< 0.01. Тоа може да го видиме од вредностите на t-тестот и тоа за испитаниците од дисфункционални семејства кај машка популација t(14) =9,449, p<0,01; за женска популација t(20) =11,014, p<0,01. Додека вредностите на т-тестот за испитаниците од функционалните семејства за машки испитаници изнесува t(30) =12,116, p<0,01; а за женски испитаници изнесува t(15) =8,359, p<0,01. Со тоа ни се потврдува и четвртата хипотеза.

Од добиените резултати на сите 4 статистички или помошни хипотези, можеме да ја потврдиме и главната хипотеза, односно дисфункционалноста во семејството значајно влијае врз социо-емоционалниот развој кај испитуваната група на испитаници.

IV. Д И С К У С И Ј А

За потребите од изработка на овој магистерски труд, а со цел да се надополни теоретскиот дел и да се потврди поставената теза, „Влијанието на дисфункционалните семејства врз социо-емоционалниот развој кај децата на училишна возраст“, се дефинираа една основна или нулта хипотеза и четири посебни или помошни хипотези. Помошните хипотези ги дефиниравме на начин за да ни помогнат во докажување на нултата хипотезата. Во продолжение, секоја помошна хипотеза одделно ќе ја дискутираме и ќе дадеме свое видување за истата, но секако тоа ќе биде поткрепено од она што го имаме добиено како податок од спроведеното истражување на две целни групи, а тоа се: наставници од основно училиште (вкупен број на опфатени испитаници од оваа целна група беа 45 поединци) и ученици од основно образование на возраст од 10 до 14 години (вкупен број на опфатени испитаници од оваа целна група беа 92 ученика).

- Дискусија за првата помошна хипотеза која гласи: *„Присутна е статистички значајна поврзаност помеѓу анксиозноста и личното доживување на несреќно кај младите кои растат во дусфункционални семејства“*. Најпрво, ќе истакнеме дека првата помошна хипотеза е потврдена. Тоа значи дека кај учениците кои беа испитаници, а според нивните одговори на Скалата за проценка на нивната моментална емоционална состојба, се констатираше поврзаност помеѓу нивните лични чувства за анксиозност и несреќно/и. Статистичката поврзаност помеѓу овие две емоционални состојби е поизразена кај испитаниците од женски пол, а кај испитаниците од машки пол не е толку изразена оваа статистичка поврзаност, освен кај возрасната категорија од 12 до 14 години. Ваквата нивна емоционална состојба можеме да ја поврземе со нивниот развоен период, а тоа е навлегување во периодот на пубертет, кој развоен период по многу нешта е специфичен, бурен, непредвидлив и со големи осцилации во расположението и регулирање на емоциите. Самиот факт што учениците

навлегуваат во периодот на пубертет и се во потрага по сопствениот идентитет, себедоживувањето е можеби клучен момент во нивниот живот и нивната моментална емотивна состојба. Кај нив многу почесто се изразени негативните чувства, што доведува до појава на анксиозност, па дури и депресија, а паралелно со тоа доминира чувството на несреќност од сето она кое ги опкружува и им се случува. Кога сето ова е надополнето со живеење во дисфункционална семејна средина, со право можеме да кажеме дека себедоживувањето на несреќно и анксиозно е неминовно, па оттаму доаѓаат и одговорите на испитаниците, според кои ја потврдивме првата поставена помошна хипотеза.

- Дискусија за втората помошна хипотеза која гласи: *„Присутна е статистички значајна поврзаност помеѓу себедоживувањето на несреќно и чувството на пониженост кај младите коишто живеат во дисфункционални семејства“*. Тука е карактеристично да се искоментира податокот кој ни покажува дека испитаниците од женски пол при себедоживувањето како понижени и несреќни е независно од тоа дали доаѓаат од функционално или дисфункционално семејство. Од личното искуство при работа со деца како наставник, од разговорите со ученици за нивните чувства или за одредени прашања каде тие требало да искажат како се чувствуваат, учениците од женски пол секогаш биле поемотивни или поискрени во искажувањето на емоциите, особено на оние негативните. Тоа е така поради самиот факт на емоционалното и социјалното воспитување на женските личности уште од најрана возраст во семејствата, односно на женските членови во семејството им се упатуваат пораки, како на пример: „Ти си женско, треба да бидеш нежна“, „Ти се женско, во ред е да плачеш“ и слично. За разлика од нив, на машките членови од семејството најчесто им се упатуваат пораки (исполнети со стереотипи), како на пример: „Ти си машко, срамота е да плачеш, да се лигавиш“, „Ти си машко, треба да бидеш силен, храбар“ и слично. Кај испитаниците од машки пол не се забележа статистички значајна поврзаност помеѓу себедоживувањето на несреќно и чувството на пониженост, но сепак има одреден показател при пресметката на аритметичка средина и стандардна

девијација, дека сепак и кај машките ученици има поврзаност помеѓу овие две супскали (несреќно и понижено). Претпоставувам дека и испитаниците од машки пол недоволно искрено имаат одговорено на одредени прашања од Скалата за проценка на моменталната емоционална состојба, со оглед на семејното, социјалното и општественото опкружување во кое растат, се развиваат и воспитуваат. Сѐ уште во нашето општество машките деца се воспитуваат на начин кој им упатува стереотипни пораки, со кои тие го формираат својот карактер дека треба да бидат силни, цврсти, да не ги искажуваат емоциите, па затоа кај нив многу често е поманифестно асоцијалното и агресивно однесување како резултат на неправилен социо-емоционален развој, особено ако доаѓаат од дисфункционални семејства. Со оваа дискусија за втората помошна хипотеза ја потврдуваме истата.

- Дискусија за третата помошна хипотеза која гласи: *„Присутна е статистички значајна разлика во социо-емоционалниот развој кај младите коишто живеат во функционални и дисфункционални семејства“*. Оваа помошна хипотеза веднаш ја потврдивме врз основа на добиените податоци. Основата за правилен социо-емоционален развој се добива во семејството, а продолжува во предучилишните и училишните установи, како и влијанијата кои доаѓаат од опкружувањето. Причините за појава на дисфункционалност во семејството се најразлични (за истите зборувавме во теоретскиот дел) и сите тие причини значително влијаат врз социјалниот и емоционалниот раст и развој кај младите, односно учениците. На пример, кога причина за дисфункционалност во семејството е развод помеѓу сопружниците, најголеми „губитници“ се децата. Родителите фокусирајќи се на својот „проблем“, не само што ги занемаруваат социјалните и емоционалните потреби на своите деца, туку често се случува своите незадоволени социо-емоционални потреби да сакаат да си ги задоволат преку своите деца. Меѓусебните препукувања, нереални натпреварувања, особено ако кај едниот од сопружниците сѐ уште постојат емоции на љубов, негативно влијаат врз младите, врз целокупниот развој на нивната личност. Детето како нем сведок на ваквата ситуација, доживува емоции кои се конфузни, нејасни, збунивачки, а тоа

доведува до неправилен социо-емоционален равој кај него. Следен пример е кога како причина за дусфункционалност во семејството е присутноста на насилство. Детето кое гледа насилство во своето семејство, речиси незибежно е да помине без негативно влијание врз неговиот развој, посебно оној најчувствителниот, а тоа е социо-емоционалниот. И не само што ваквото однесување во семејството има негативно влијание врз развојот на детето, туку остава еден вид трајни последици во вид на копирање, на пример на однесување, па детето подоцна, кога ќе формира свое семејство, постои реална можност исто така да се однесува. Понатаму, на пример, кога во семејството еден или двајцата родители злоупотребуваат дрога или друг вид психоактивни супстанции, оваа прична за дисфункционалност во семејството негативно влијае врз социо-емоционалниот развој на детето. Во ваквите семејства, детето е запоставено, не се води сметка за неговите чувства, неговите потреби се на последно место, финансиската состојба е нестабилна, дури и преминува во сиромаштија, а атмосферата во семејната средина е толку хаотична, што децата буквално не знаат како да се однесуваат - дали да се грижат за себе или за своите родители. Од една страна, чувствуваат загриженост за своите родители, а од друга страна, гнев и лутина за она што се случува. Без размислување, секој вид на дисфункционалност во семејството има влијание врз социо-емоционалниот развој на учениците од училишна возраст.

- Дискусија на четвртата поставена хипотеза која гласи: *„Присутна е статистички значајна разлика во доживување на стресна ситуација помеѓу децата коишто живеат во функционални семејства и децата коишто живеат во дисфункционални семејства и полот“*. Стресот како состојба е негативен сам по себе. Тој предизвикува таква емоционална бура која на моменти е речиси невозможно да се контролира. Доживувањето на стресната ситуација е различно кај секој поединец, а реакцијата на стресната ситуација во голема мера зависи дали детето живее во функционално или дисфункционално семејство, како и од полот на детето, односно ученикот во нашиов случај. Така, децата кои живеат во функционални семејства рационално ја доживуваат стресната ситуација, а тоа

значи се соочуваат со настанатиот проблем и заедно со своите родители бараат решение со најпозитивниот можен исход. Од друга страна, децата кои живеат во дисфункционални семејства, нерационално ја доживуваат стресната ситуација, несоодветно реагираат и се однесуваат, не бараат решение, туку како да бегаат, обвинуваат други, прибегнуваат кон агресивно однесување, или пак, кон интровертност и затвореност во себе, што тоа доведува до нивен несоодветен социо-емоционален равој. Исто така, доживувањето на стресната ситуација е различно кај лицата од машки и женски пол. Машките вообичаено покажуваат бурни, агресивни реакции, брзоплетост во донесување одлуки за разрешување на стресната ситуација, кај нив се појавува врсничко насилничко однесување и нереално искажување на сопствените емоции. Женските најчесто на стресната ситуација реагираат со повлекување, затворање во себе, тага, анксиозност. Значи, постои статистички значајна разлика во доживувањето на стресната ситуација кај децата од функционални и дисфункционални семејства и полот, со што ја потврдуваме и четвртата поставена помошна хипотеза.

Со потврдувањето на помошните хипотези, ја потврдуваме и поставената нулта хипотеза која гласи: *„Дисфункционалните семејства имаат влијание врз правилниот социо-емоционален развој кај децата на училишна возраст“*.

V. З А К Л У Ч О К

Мора да сме свесни дека семејството како најстара животна заедница, која е во постојана интеракција со својата околина, низ историјата има доживеано многу промени, како во структурата, така и во самиот начин на функционирање. Различностите во семејната структура може да се набљудуваат ако притоа се земат предвид различните критериуми,

како што се, на пример: преку односот родители – деца, каде имаме биолошко семејство и семејство со посвоени деца; преку брачниот статус на родителите, односно имаме разведени родители, одвоени родители, повторно стапени во брак и слично; преку бројот на родители во семејството – еднородителски и дворoдителски семејства; преку сексуалната ориентација на родителите – хетеросексуални и хомосексуални парови итн.

Едно е јасно, а тоа е дека стабилни родители претставуваат сигурен и цврст темел за квалитетен социјален и емоционален развој на детето.

Секое семејство пред себе поставува различни цели, животни предизвици, имаат различни соништа, но она по кое сите семејства би требало да наликуваат едни на други е семејната хармонија, топлината на домот, блискоста помеѓу членовите, меѓусебната поддршка и љубов. Не постои образец или некој примерок по кој би се водело едно семејство – љубовта, разбирањето, меѓусебната поддршка и почитта се оние волшебни примеси кои семејниот живот го прават „посладок“. Доколку членовите на семејството се сакаат и меѓусебно се почитуваат, едноставно и само на тој начин ниеден животен предизвик нема да биде претежок да се надмине.

Едно е јасно, а тоа е дека семејството е темел на секое општество, универзална општествена институција без која државите не би можеле да функционираат.

Стилот на воспитување е воспитна постапка која се применува во процесот на социјализација во семејството. Тој е доследен, но не и непроменлив.

Семејната таксономија, според Harway, M (1996) опфаќа четири димензии: биолошката поврзаност (двајца родители, еден биолошки родител, посвојување), брачниот статус (двајца родители во брак, самохран родител, посвојување), сексуалната ориентација (хетеросексуална, хомосексуална), родителската улога и статусот на вработеност (традиционално и нетрадиционално семејство).

Тргнувајќи од дефиницијата, според која семејството е засновано на социо-емоционални односи, можеме да сретнеме различни типови семејства кои укажуваат на постоење на следната таксономија:

- Според развојниот момент, имаме: развојно-прогресивни, развојно- деструктивни и развојно - непроменливи.

Во обидот да ги опишеме семејствата според семејната воспитна клима, аналогно на воспитните стилови на родителите, семејствата ги делиме на:

- демократско – хумани,
- автократски или авторитарни,
- анархични или стихијни,
- несинхронизирани и
- деспотски.

Согласно нивното влијание врз детскиот развој, можеме да ја истакнеме следната поделба:

- развојно – конструктивни,
- деструктивни и
- индиферентни.

„Не се грижете ако децата не ве слушаат, грижете се за тоа дека секогаш ве гледаат.“ – Роберт Фулгун

VI. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Ајдуковић, М., Печник, Н. (1994) *Злостављање и занемаривање дјеце у обитељ,* Ревија за социјалну политику, Загреб
2. Ајдуковић, М. (2008) *Социјални проблеми, социјални ризици и савремени социјални рад,* Загреб
3. Бабић, А. (2004) *Емоционална интелигенција и неки показатељи прилагодбе код ученика ране адолесцентне доби*, СДипломски рад, Филозофски факултет, Ријека

4. Бабиќ, Чикеш, А., Бушко, В. (2015) *Емоционална интелигенција у раној адолесценцији: корелати способности управљања емоцијама и предикција школског успјеха*, Друштвена истраживања
5. Baillargeon, R., Tremblay, R. & Willms, J. D. (2002) *Physical agression among toddlers: does it run in families?* in *Vulnerable children: Findings from Canad's Longitudinal Study of Children and Youth*, J. D. Willms (Ed.), University of Alberta Press.
6. Bacon, M. K. & Ashmore, R. D. (1986) *A consideration of the activities of parents and their role in the socialization process.* In R.D. Ashmore & D. M. Brodzinsky (Eds.), Thinking about the family: Views of parents and children Hillsdale. NJ: Erlbaum.
7. Борнарова, С. (2012) *Социјална работа со семејство*, Скопје
8. Буришиќ, Ј., Тадиќ, М. (2006) *Улога самопоштовања у односу црта личности и невербалних социјалних вјештина,* Друштвена истраживања
9. Видановиќ, И. (1997) *Појединац и породица – методе, технике и вештине социјалног рада*, Белград
10. Goldstein, J., Freud, A. & Solnit, J. A. (1973) Beyond the best Interests of the Child. New York: Free Press.
11. Golubovic, Z. (1991) *Porodica kao ljudska zajednica*. Zagreb: Naprijed.
12. Demajo, V. (1955) *Zastita Dece u odnosu na porodicu: Neka Zapazanja o deci iz razvedenog braka*. Savet Drustava za staranje o deci i omladini Jugoslavije, Beograd.
13. Ilić, M. (2004) *Porodične uloge u pedagoškoj teoriji i praksi*. Filozofski fakultet, Banja Luka, Republika Srpska, BiH.
14. Jurak, A. (2002) *Roditelji – prvi odgojitelji svoje djece*. Don Bosco danas. Br. 1
15. Kaplan, I. (1986) Working with the Multiproblems Family, Lexington
16. Котева-Мојсовска, Т. (2006) Семејното воспитание и социјалното однесување на децата, Скопје.

17. Лакинска, Д. (1987) *Семејството и воспитанието,* Скопје
18. Лукович, И. (2004) *Односи и вредности у породичном васпитању деце: Између традиционализма и модернизма*. Институт за педагошка истраживања, Београд.
19. Lopes, P. N., Blackett, M. A., Nezlek, J. B., Schütz, A., Sellin, I., Salovey, P. (2004) Emotional Intelligence and Social Interaction. *Personality and Social Psychology Bulletin*.
20. McAdams, C. R. III & Foster, A. V. (2007) *Dysfunctional Family Structures and Aggression in Children: A Case for School-Based, Systemic Approaches With Violent Students.* East Carolina University, The College of William & Mary.
21. Napier, J. N. (1990) *Recreating Your Self: Help for Adult Children of Dysfunctional Families*. W.W. Norton & Company, New York.
22. Пејић, Р. (2007) *Улога родитеља и њихов однос према детету.* Филозофски факултет, Источно Сарајево.
23. Петровска, С. (2009) *Семејството и воспитанието на децата*. Штип.
24. Petrovic, M. (1955) *Zastita Dece u odnosu na porodicu*: Poremecaji ponasanja kod dece i porodica, Beograd.
25. Pjurkovska-Petrović, K. (1990) *Dete u nepotpunoj porodici*. Beograd: Prosveta.
26. Радуловиќ, М. (2017) *Семејството во стратегиите на Европската Унија*, Скопје
27. Спировиќ, М. Л. (1981) *Дилеми на современото семејство*. Студентски збор, Скопје.
28. Stanojlović, B. (1994) *Porodica i vaspitanje dece*. Beograd: Naučna knjiga.
29. Трајановска, Ј. (2016) *Социјализаторска функција на семејството – правни аспекти*, Скопје
30. Трајков, И. (2017) *Психосоцијална интервенција во криза*, Скопје
31. Трајковски, Д., Динева, С. М (2005) *Семејно право*, Скопје

32. Carter, A. S., Briggs-Gowan, M., Ornstein Davis, N. (2004) Assessment of young children's social-emotional development and psychopathology: recent advances and recommendations for practice. *Journal of Child Psychology and Psychiatry*
33. http://www.cpu.org.ba/blog-bih/post/2019/socijalni-i-emocionalni-razvoj-ucenika-u obrazovnom-kontekstu/
34. http://iph.mk/wp-content/uploads/2014/09/Broshura-semejstvo.pdf
35. https://www.uvmk.gov.mk/files/zakoni/zakon%20za%20semejstvo.pdf
36. http //www: roditeliideca.com
37. http //www: obiteljskaterapija.hr
38. http //www; semejstvoiadolescent.com
39. http//www: semejstvo. net.com
40. http //www: PSIHOportal.com
41. www.mtsp.gov.mk, Закон за семејство - основен
42. http/www: psihologija. autentic.hr
43. http://iph.mk/wp-content/uploads/2014/09/Broshura-semejstvo.pdf
44. w w w . p r a v o . o r g . m k

VII. П Р И Л О З И

СКАЛА ЗА ПРОЦЕНКА НА МОМЕНТАЛНАТА ЕМОЦИОНАЛНА СОСТОЈБА

КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Извор: Збирка на психолошки скали и прашалници

Област на проценка: Каква е моменталната емоционална состојба кај ученците и увид колку нивната емоционална состојба би имала влијание врз нивното агресивно однесување

Намена: Оваа Скала за проценка на моменталната емоционална состојба кај учениците има за цел да ни помогне да увидиме како се чувствуваат учениците и колку нивните емоции имаат влијание врз нивното агресивно однесување или појава за агресивност.

Опис и упатство: Скалата се состои од 47 придавки, преку чие оценување ученикот треба да одговори како се чувствува во моментот. Коефициентот Кронбах – алфа содржи седум супскали на емоции во четири ситуации на мерење, преку кои ќе се опише моменталната емоционална состојба на ученикот кој е испитаник. Супскалите се:

- Среќа,
- Опуштеност/релаксираност,
- Гордост,
- Лутина,
- Несреќно,
- Понижено,
- Страв/анксиозност.

КАКО СЕ ЧУВСТВУВАТЕ ВО МОМЕНТОВ?

1.	Лошо	1	2	3	4	5
2.	Несреќно	1	2	3	4	5
3.	Расположено	1	2	3	4	5
4.	Агресивно	1	2	3	4	5
5.	Загрозено	1	2	3	4	5
6.	Незадоволно	1	2	3	4	5
7.	Победнички	1	2	3	4	5
8.	Нелагодно	1	2	3	4	5
9.	Добро	1	2	3	4	5
10.	Потиштено	1	2	3	4	5
11.	Гордо	1	2	3	4	5
12.	Огорчено	1	2	3	4	5
13.	Задоволно	1	2	3	4	5
14.	Уплашено	1	2	3	4	5

15. Вознемирено	1	2	3	4	5
16. Неспособно	1	2	3	4	5
17. Радосно	1	2	3	4	5
18. Смирено	1	2	3	4	5
19. Лагодно	1	2	3	4	5
20. Жално	1	2	3	4	5
21. Способно	1	2	3	4	5
22. Среќно	1	2	3	4	5
23. Со елан	1	2	3	4	5
24. Гневно	1	2	3	4	5
25. Поразено	1	2	3	4	5
26. Обесхрабрено	1	2	3	4	5
27. Налутено	1	2	3	4	5
28. Загрижено	1	2	3	4	5
29. Љубоморно	1	2	3	4	5
30. Спокојно	1	2	3	4	5
31. Охрабрено	1	2	3	4	5
32. Разочарано	1	2	3	4	5
33. Тешко	1	2	3	4	5
34. Понижено	1	2	3	4	5
35. Очајно	1	2	3	4	5
36. Преплашено	1	2	3	4	5
37. Сигурно/безбедно	1	2	3	4	5
38. Безнадежно	1	2	3	4	5
39. Нервозно	1	2	3	4	5
40. Напнато	1	2	3	4	5
41. Несигурно/небезбедно	1	2	3	4	5
42. Разлутено	1	2	3	4	5
43. Депресивно	1	2	3	4	5
44. Опуштено/релаксирано	1	2	3	4	5
45. Безвредно	1	2	3	4	5
46. Со самодоверба	1	2	3	4	5
47. Зачудено	1	2	3	4	5

АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ ОД ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

Прашања	**Одговори**					
	ДА		НЕ		МОЖЕБИ	
1. Дали лесно можете да идентификувате нарушување во социо-емоционалниот развој на учениците на кои им предавате?	М	Ж	М	Ж	М	Ж
2. Дали сметате дека насилничкото однесување во семејството влијае врз правилниот социо-емоционален развој на учениците?	М	Ж	М	Ж	М	Ж
3. Дали сметате дека депресијата како психичко нарушување кај родителот/старателот влијае врз социо-емоционалниот развој на учениците?	М	Ж	М	Ж	М	Ж
4. Дали сметате дека злоупотребата на алкохол и/или психоактивни супстанци во семејството влијае врз социо-емоционалниот развој на учениците?	М	Ж	М	Ж	М	Ж
5. Дали сметате дека разводот помеѓу сопружниците има влијание врз социо-емоционалниот развој кај учениците?	М	Ж	М	Ж	М	Ж
6. Дали сметате дека било кој облик на дисфункционалност во семејството има влијание врз социо-емоционалниот развој кај учениците?	М	Ж	М	Ж	М	Ж
7. Дали раното идентификување за постоење на дисфункционалност во семејството од страна на наставникот, би го намалило и/или отстранило негативното влијание врз социо-емоционалниот развој на учениците?	М	Ж	М	Ж	М	Ж
8. Дали сметате дека наставникот треба да поседува социо-емоционални компетенции и вештини за да може да придонесе во позитивниот социо-емоционален развој на учениците?	М	Ж	М	Ж	М	Ж